БИБЛИОТЕКА
Инв. бр.
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"

Филозофски Факултет - Скопје

Институт за историја на уметност и археологија

# Типологија на античките фибули од Р. Македонија

- магистерски труд -

**Ментор :** **Изработил:**

**Проф. д-р. Марјан Јованов** **Жаклина Петровска**

Скопје, 2013

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

# Содржина на трудот


I. Вовед ....................................................................................................4

II. Историјат на истражување.......................................................................5

III. Поим, значење и техника на изработка на фибули....................................7

IV. Раноантички-предримски фибули..............................................................9

V. Типологија на раноантички-предримски фибули од

Р. Македонија..........................................................................................12

А. Лачни фибули........................................................................................12

I. Лачни фибули со јазли.............................................................................13

II. Требенишки тип на лачни фибули...........................................................16

III. Тракиски тип на лачни фибули...............................................................19

IV. Македонски тип на лачни фибули...........................................................24

Б. Плочести фибули.....................................................................................65

I. Копјести плочести фибули........................................................................65

II. Листести плочести фибули.......................................................................66

VI. Римски фибули.......................................................................................70

А. Лачни фибули........................................................................................74

а. Крстести фибули.....................................................................................77

Б. Плочести фибули.....................................................................................80

VII. Типологија на римските фибули од Р. Македонија..................................82

1. Фибули со кружни - овални тубери..........................................................84

2. Фибули со луковичести тубери................................................................86

3. Фибули со фасетирани тубери.................................................................91

4. Фибули со инскрипција и портретни претстави.........................................92

VIII. Завршни разгледувања....................95
IX. Кратенки....................100
X. Библиографија....................101
XI. Табели ....................107

# I. Вовед

Во изминатите години со интензивните археолошки ископувања на територијата на Република Македонија создадена е нова слика за археологијата.
Имено, бројните археолошки истражувања дадоа бројни артефакти кои зборуваат за историското минато и постоењето на племиња, народи, градови, држави и комуникации на овој простор.

Се одлучивме за оваа тема бидејќи значителен број од артефактите од метал кои се пронајдени на територијата на Р. Македонија од времето на антиката всушност се фибулите.

Фибулите се употребувале уште од праисторијата, низ антиката и средниот век. Нивната примена зазема значајно место и е во нераскинлива врска со развојот на културата кај народите.

Фибулите како артефакти, нивната употреба, функција и значење упатуваат на релациите и комуникациите на народите.

Во овој труд, ние ќе се осврнеме на античките фибули обелоденети со археолошките ископувања на територијата на Република Македонија.

Фибулите најчесто ги наоѓаме како гробни прилози, но не ретко и како слободни наоди во населбите од праисторијата, антиката и средниот век.

Во првиот дел ќе се задржиме на фибулите кои циркулираат од периодот од V в.п.н.е. па сé до предримското царство на територијата на денешна Р. Македонија што значи дека ја опфаќаат раната антика и златното античко време. Во вториот дел ќе се осврнеме на пронајдените фибулите кои датираат од времето на владеењето на Римјаните. Ќе се потрудиме да ги систематизираме и да направиме типологија на античките фибули од Р. Македонија врз база на нивните основни структурни елементи и елементи на декорација.

# II. Историјат на истражување

Почетоците на археолошките истражувања на локалитетите во Р. Македонија поврзани со поновото време започнуваат во времето на Првата Светска Војна и формирањето на Солунскиот Фронт во 1916 година од страна на завојуваните страни. Овие први археолошки истражувања не се систематски и сé концентрирани во регионите на долното течение на реката Вардар. Понатаму, ископувањата продолжуваат за време на Втората Светска Војна исто така од завојуваните страни. Поинтензивни и посериозни археолошки истражувања на територијата на Република Македонија се водат после педесетите години на минатиот век и траат се до денес.

Посебна студија која ги обработува фибулите како движен археолошки материјал досега не е објавена. Бидејќи истите се наоѓани најчесто во гробовите, забележани се како дел од движниот материјал пронајден на терен.

Античките фибули најчесто се спомнувани во склоп на некои статии каде се обработуваат побогати гробови и погребувања.

Ние ќе се потрудиме да дадеме осврт на досегашните истражувања низ регионите на Р. Македонија со цел да ја определиме почетната точка на нашите понатамошни истражувања.

Во педесетите години на минатиот век, Васил Лахтов е првиот автор кој ги има забележано фибулите од археолошките истражувања на Требенишкото Кале[1]. Тој се задржал на опис на фибулите од околината на Охрид и се потрудил да направи нивна типологија на форми.

Понатаму нема некои трудови кои подетално се занимаваат со проблемот на фибулите сé до осумдесетите и деведесетите години на минатиот век.

Проф. д-р. Вера Битракова Грозданова дава краток осврт на фибулите како артефакти со фунционална и декоративна намена и исто така прави кратка типологија на примероци од западниот дел на Р. Македонија[2]. Со понатамошните нејзини истражувања на полето на антиката во Р. Македонија

[1] В. Лахтов 1959. Лихнид 2-3, 1959.
[2] В. Битракова - Грозданова 1987.

се добиени поексплицитни решенија за потеклото на фибулите од Требенишкото Кале[3] како и за некои примероци од други локалитети. Краток осврт на фибулите од овој локалитет како и на фибулите од Старо Лагово[4] дава Викторија Соколовска.

Од регионот на Пелагонија кој ги опфаќа градовите Прилеп и околината на Битола потекнуваат голем број на фибули. Посериозна статија која е посветена конкретно на фибулите обработува Благоја Китановски кој се обидел да направи типологија и систематизација на видовите на фибули кои се сопственост на Прилепскиот Музеј[5]. Фибулите од Варош[6] ги бележи и К. Кепески. И. Микулчиќ исто така не ги одминува фибулите од Пелагонија[7].

Локалитети по Горното течение на Вардар кои даваат наоди од фибули се Скопското Кале[8], Жданец[9], Катлановска Бања[10], Камник[11], Бразда[12], Скупи[13].

Понатаму, од Средното течение кон Долното течение на реката Вардар имаме повеќе локалитети со богати наоди од движен материјал.

Стоби дава значаен број на фибули[14], тврдините околу Бабуна[15], населбите кај Пчиња[16], потоа ископувањата во Корешница[17] во Демир Капија[18], Исар-Марвинци[19] и други.

Резултатите кои се добиени од овие археолошки истражувања ќе претставуваат наша појдовна точка во разрешувањето на проблемот на фибулите на територијата на денешна Р. Македонија.

---

[3] В. Б.Грозданова 1990, 119-124.
[4] В. Соколовска 1978, 155.
[5] Б. Китановски 1966.
[6] К. Кепески 1975.
[7] И. Микулчиќ 1966.
[8] И. Микулчиќ 1982, 25-29.
[9] В. Соколовска 1975, 231-244.
[10] К. Ристов 1999, 115-128.
[11] Г. Димитриоска 1979, 131-137.
[12] И. Микулчиќ и В. Соколовска 1989, 87-88.
[13] И. Микулчиќ 1974, 136.
[14] Е. Николова 2006, 261.
[15] И. Микулчиќ 1982, 127-142.
[16] З. Георгиев 1990-1991, 97.
[17] С. Карпузова и Н. П. Пецовска 1996, 81-85.
[18] И. Микулчиќ 1970, 135-138.
[19] В. Соколовска 1986, 37-50.

# III. Поим, значење и технологија на изработка на фибули

Зборот **ФИБУЛА** води потекло од латинскиот глагол ***figere*** што значи закопчува. Фибула всушност претставува назив за копча или брош. Таа е утилитарен предмет кој се употребувал за копчање на облеките. Според основната класификација на археолошки артефакти фибулите спаѓаат во групата на накит со функционална намена. Историјатот на фибулите е прилично долг и нивното потеклото го согледуваме дури од праисторијата.

Практичната функција на фибулата е основна и се однесува на зацврстување односно прикачување на облеката. Поради оваа нивна особина и значење тие се користени до средниот век кога се заменети со копчиња. Освен што се практични, фибулите се неспорно и многу важен декоративен елемент во облекувањето кој одредува поделеност на пол, функција и сталеж.

Во периодот на бронзеното време се појавуваат првите познати примероци на фибули кои се карактеризираат со едноставен облик. Основните едноставни облици на фибули низ вековите еволуираат и се менуваат како и техниките и начините на нивно украсување.

Најчесто фибулата е поставена на страната на левото рамо иако има и неретки случаи каде фибулата е поставена на десното рамо или пак на градите.

Функцијата и изгледот на фибулата несомнено е врзан за облеката што се носела во одреден временски период. Облеката што ја носеле луѓето низ периодите од антиката се разликувала од еден сталеж до друг така што секој сталеж на луѓе имал свој специфичен тип на облека. Разлики во облекувањето се јавувале и во зависност од пригодата или церемонијата на која се присуствува. Од ова произлегуваат и различните видови на фибули кои се користени како составен дел од облекувањето.

Во определен временски период фибулите означувале и воен чин кај војниците и војсководците така да имаме различни видови на фибули кај

различни чинови на воините. Истите, најверојатно се одликувани со фибули на свечени пригоди.

Материјалите од кои најчесто се изработуваат фибулите се бронзата и железото или пак изработката е комбинација од овие два метала. Некои примероци на фибули кои се издвоени како полуксузни се направени од поскапоцени метали како што се среброто и златото.

Техника која се користела за изработка на фибулите е лиењето и тоа најчесто е лиена брозна, а поретко се користени племенити метали како среброто и златото.

Кога станува збор за декорацијата на фибулите таа најчесто може да биде со врежани мотиви или прстенести декорации поставени на телото на фибулата иако не се исклучок и фибулите без декорации. Се сретнуваат примери каде имаме комбинација на скапоцени метали или пак вметнување на други материјали како стакло или корали што е карактеристично за подоцнежните типови на фибули од подоцните периоди што водат кон средниот век.

Секој народ има свои културни обележја што се огледа и во издвојувањето на различни видови на фибули специфични за одредено подрачје и група на народ врзани за одредена територија.

Неминовни се врските меѓу народите и влијанијата што се остварени врз материјалната култура така да неселективно се забележува тоа влијаније и врз развојот на фибулите.

Постојат стотици различни видови на фибули и нивни варијации.

# IV. Раноантички - предримски фибули

Територијата на денешна Република Македонија во периодот од крај на VI век п.н.е. до крај на I век п.н.е. опфаќала различни етнички и политички области. Меѓутоа, поголемиот дел од овие области во периодот на IV век п.н.е. се наоѓал под управа на Филип II и Александар Велики како и нивните наследници.

Најдоминантна популација секако биле Пајоните, но со зајакнувањето на Македонската држава тие со тек на времето биле потиснувани од утоката на Аксиос кон север до Демир Капија. По смртта на Алесандар Велики, војската му го доделила царството на неговиот прибрат Филип III и на неговиот син од Роксана, Александар IV.

Всушност, по смртта на Александар Велики со Македонија управувал Антипатер кој е последниот генерал на Филип кој воедно ја контролирал и Грција.

Во 279 г.п.н.е. упаднала првата група на Келти во Македонија. III век п.н.е. за Македонија претставува време на управување на Антигонидите.

Сите овие политички настани несомнено влијаат врз културата на народите кои живееле на оваа територија и секако на развојот на фибулите и на нивното ширење.

Сите фибули имаат четири основни составни елементи од кои се направени и тука ги вклучуваме: тело на фибулата на кое се разликуваат глава и стапало, игла, федер или спојница.

## 1. Тело

Телото на фибулата е во вид на лак или плочка во зависност од основната форма. Лакот формира свод и обично е долг и тенок, плочката е рамна и широка и таа може да биде зацврстена или пак не. Телото на фибулата може да биде обично или декорирано.

Главата претставува крај на телото од фибулата што завршува како федер или спојница со ограничено движење. Во зависност од типот на

фибулата или од културата на која и припаѓа, главата на фибулата може да биде изработена од доле, од горе или од страна.
Стапалото е крај на фибулата и тука е местото каде што се прикачува иглата.

## 2. Игла

Иглата е користена за прикачување на фибулата на облеката. Таа може да е продолжение од телото на фибулата или пак да е оделен дел кој е прикачен на телото. Фибулата се затвара со поврзување на крајот од иглата со плочката од телото односно стапалото.

## 3. Федер

Телото и иглата од фибулата се поврзани со федер или пак со спојница со ограничено движење. Раните дизајни на федери овозможуваат затегнатост на иглата. Федерите можат да бидат унилатерални или билатерални.

Унилатералните федери се замотани само во еден смер и се најраните типови кои се појавуват околу XIV в.п.н.е.

Билатералните федери се замотуваат од двете страни на телото на фибулата и се појавуваат околу IV в.п.н.е. Тие може да бидат многу кратки со само едно или две завртувања на страната. Повеќето билатерални федери се направени од еден тип на метал, имаат една растегната жица т.е. дел од жицата која се истегнува од едниот крај на федерот до другиот. Растегнатата жица може да поминува од напред или од зад телото на фибулата. Билатералните федери се замотани околу иглата или осовината.

## 4. Спојница

Во доцниот I век п.н.е. или почетокот на I век н.е. се јавува нов тип на лачни фибули.
Иглата која е оделна и е прицврстена на крајот од главата од лакот на фибулата со спојница има раширена жица која се истегнува од едниот до другиот крај на федерот.
Во втората половина на I век п.н.е. се воведуваат спојници кај плочестите фибули. Најнапред, фибулите кои имаат тело во вид на плочка имале

билатерални федери прикачени одзади, а потоа биле поставени на долгата попречна шипка.

Важно е да се напомене дека различните типови на конструкции на фибули се користени истовремено.

Според основните составни елементи, лачните фибули од раната антика и предримскиот период можеме да ги поделиме на две основни групи. Поделбата е заснована на поврзувањето на иглата со телото на фибулата. Според ова во првата група влегуваат едночлените, а во втората група т.н. двочлени фибули.

Во случај кога имаме целосно излиена фибула т.е. ако иглата и телото на фибулата се излиени односно направени од едно парче на метал станува збор за **едночлена фибула**.

Во случај пак кога фибулата е излиена од две парчиња на метал т.е. во случај кога иглата и телото кои се излиени независно едно од друго и потоа меѓусебно се поврзани станува збор за **двочлена фибула**.

Раноантичките односно предримските фибули според формата на телото се поделени во две основни групи и тоа на лачни и плочести фибули.

Како што и самото име кажува кај лачните фибули единствената форма на телото е во форма на лак. Тие може да се разликуваат според големината и начинот на украсување на лакот.

Плочестите фибули имаат тело кое има сплосната и рамна површина односно плоча. Според обликот односно според формата на изработка на телото плочестите фибули може да бидат различно изработени.

# V. Типологија на раноантичките-предримски фибули од Р. Македонија

Според основната поделба на фибулите во однос на формата на телото, на територијата на Р. Македонија од раноантичкиот до римскиот период застапени се двете основни групи т.е. лачните и плочестите фибули. Лачните фибули се застапени многу повеќе од плочестите како бројно така и типолошки. Во текстот што следува се обидовме да направиме основна типологија и систематизција на форми на лачни фибули од Р. Македонија како и поделба на фибулите на подтипови и варијанти од истите.

## А. Лачни фибули

Лачните фибули на територијата на Република Македонија претставуваат најбројна, најразновидна и најрепрезентативна група на фибули. Застапени се во многу различни форми и варијанти.

Според специфичностите на основните составни елементи, украсувањата на лакот на фибулите и бројната застапеност на територијата на Р. Македонија ние се потрудивме лачните фибули генерално да ги поделиме на неколку основни групи и тоа на:

I. Лачни фибули со јазли;
II. Требенишки тип на фибули;
III. Тракиски тип на лачни фибули;
IV. Македонски тип на лачни фибули.

# I. Лачни фибули со јазли

Фибулите од овој тип се малубројни и опфаќаат неколку примери кои се одликуваат со многу едноставна форма.

Материјалот од кој се изработени е бронза. Лакот на фибулите е длабок, а на главата на фибулите има по неколку навои или јазли од каде продолжува иглата. Најчесто лакот е мазен, но се сретнува и лак со декорации во вид на линеарни зарези или тордирани прстени. Иглата се спојува најчесто со плочестата нога која полукружно е свиткана кон горе и претставува лежиште за иглата.

Застапени се во западниот дел на Р. Македонија и такви примери имаме од Требенишкото Кале, околината на Скопје и од Пелагонија.
Многу слични форми на овие се наоѓаат на јужно-илирското подрачје на локалитетите Ирмај, Аполонија, Скодра, Лисос.

Во однос на останатитот археолошки материјал кој е пронајден заедно со нив датирани се во крајот на VI и почеток на V век п.н.е. Овие фибули претставуваат варијанти на ранолатенските форми кои се датираат во I век п.н.е и кои имаат развлечен лачен дел, а главата има повеќе навои. Во однос на лакот овие фибули ги поделивме на три подтипа, односно:

## 1. Лачни фибули со јазли со мазен лак

1. **Требенишко Кале. Табела I, слика 1.** - *В. Лахтов 1959, Т.XXIV.2.* - Гроб 6. Фрагмент од лачна фибула кај која е сочуван само горниот дел кој е изработен од тенка тркалезна жица. Во главата жицата е двапати спирално свиткана и поминува низ долниот крај од лакот. Висина на лакот е 32мм, а долга е 73мм. Се датира од почетокот на V век п.н.е.

2. **Зајчев Рид - Злокуќани. Табела I, слика 2.** - *И. Микулчиќ, 1982, сл. 9,3.* - Гроб 70. Бронзена лачна фибула. Зачувана е целата. Лакот е мазен. Ногата е во вид на плочка и нејзиниот долен дел е подвиен за зацврстување на иглата.

## 2. Лачни фибули со јазли со тордиран лак

3. **Зајчев рид - Злокуќани. Табела I, слика 3.** - *И. Микулчиќ, 1982, сл. 9,2.* - Гроб 177. Бронзена лачна фибула со тордирани прстени поставени еден до друг по целата должина на лакот. Лакот е свиен и продолжува во игла. Недостасува ногата.

4. **Марвинци, некропола. Табела I, слика 4.** - *Г. Микулчиќ - Г. Карапетков 1996, 73, сл. 12.* - Гроб 160. Железна лачна фибула. Главата е на федер. Има плочеста нога. По целата должина на лакот има тордирани прстени. Припаѓа на доцнолатенските фибули од доцен I в.п.н.е.

## 3. Лачни фибули со јазли со врежани орнаменти на лакот

5. **Требенишко Кале. Табела I, слика 5.** - *В. Лахтов 1959, Т.XII.5.* - Сонда Е. Лачна фибула изработена од бронзена овална жица. Жицата е свиена трипати спирално во главата, а во долниот дел преминува во игла. Лакот е четворострано рамно сплескан и најширок е кај главата, постепено се стеснува и кај ногата е најтесен. Од горната страна на лакот има ребро кое е украсено со напречно паралелно врежани линии. Ногата има четвороаголна форма на плочка која на горната страна е полукружно изрежана. Врвот на ногата е издаден и крајот е завиен навнатре. Под врвот има дупче. Фибулата е долга 73мм, а висока е 32мм.

6. **Требенишко Кале. Табела II, слика 6.** - *В. Лахтов 1959, Т.IV.2.* - Лачната фибула е изработена од подебел бронзен тел. Лакот е полукружен и на едниот крај е задебелен и зарежан од двете страни правејќи легло за иглата. На крајот на лакот има нагласено брадавичесто испапчување. На другиот крај лачната тетива се крши под прав агол и прави триаглесто издолжување чиј врв е зашилен. На самиот крај на лакот, а на почетокот од издолжението од внатрешната страна се спушта тесна панделка која на крајот е свиена во лежиште за иглата. Таа од горната страна е благо заоблена и украсена на три места со по две благо нагласени пластични линии на краевите и средината. Самото продолжение од горната страна е украсено со една пластична линија во

средината и на крајот. Ова е посебен тип кој за сега е осамен и го нема на други наоѓалишта, најверојатно е локална варијанта. Најблиски аналогии во врска со украсот на лакот се сретнува кај тесалиските и епирските фибули. Дијаметар на лакот е 22мм, а висината е 26мм.

7. **Требенишко Кале. Табела II, слика 7.** - *В. Лахтов 1959, Т.XII.3.* - Сонда Е. Лачна фибула изработена од бронзена четворострана жица. Жицата е завиткана три пати спирално во главата, а четвртиот пат навојот минува над крајот од лакот. Лакот кон ногата се стеснува каде е ограден со три елипсовидни пластични прстени. Внатрешната страна од лакот е рамна, а на горната страна по средината на панделката има пластично ребро. Ногата е во вид на четвртеста плочка која на горниот крај е полукружна. Под самиот врв ногата е продупчена. Фибула е изработена од бронза, долга 34мм, а висока 13мм.

8. **Требенишко Кале. Табела II, слика 8.** - *В.Лахтов,1959, Т.VII.9.* - Сонда А. Фрагмент од бронзена лачна фибула изработена од сплосната подебела жица. Горниот дел има лачна полукружна форма. На горната страна, лакот на три места е украсен т.е. на средина и на краевите со по три линеарни зарези. Според формата фибулата е локална варијанта, а аналогии има во тесалските фибули и фибулите од Босна. Фибулата е долга 35мм, а висока е 15мм.

9. **Требенишко Кале. Табела II, слика 9.** - *В.Б. Грозданова 1990, Т.II.3.* - Лакот на фибулата е едноделен тенко проширен со триаголен пресек и на врвот има означено дискретно ребро кое дава пресек на тап триаголник со мала висина. Лево и десно од реброто има изгравирани тенки линии. Ногата е плочеста со топче на врвот. Припаѓа на јужнојадранската варијанта на доцнолатенски фибули.

## II. Требенишки тип на лачни фибули

Како посебен тип на лачни фибули со јазли на тлото на Р. Македонија ги издвојуваме лачните фибули пронајдени при археолошките ископувања во Требеништа.

Станува збор за дванаесет фибули од кои осум се пронајдени во гробот 26. Ги издвојуваме како посебни поради специфичната форма и декорација на стапалото на фибулите. Може да се забележи дека стапалото кај овие фибули е издолжено вертикално што не е случај кај останатите лачни фибули со јазли кои циркулираат во истиот период на територијата на Р. Македонија и кои веќе ги споменавме. Уште една специфичност е украсувањето на стапалото со концентрични кругови. Декорацијата со кругови оди во два парелени и вертикално поставени реда. Бројот на круговите може да варира и тоа во варијанти од два реда по три, четири или пет круга. Лакот на фибулите е мазен и во пресек е кружен. Двата елемента кои ги потенциравме јасно ги издвојуваат и ги одредуваат како посебна група на лачни фибули на територијата на Р. Македонија. Кај сите фибули имаме по едно свиткување во главата. Во гробовите се пронајдени по една или две, што ни укажува на тоа дека многу често се носени во парови.

Фибулите во гробот 26 се датирани во однос на керамиката пронајдена заедно со нив во првата половина од V в.п.н.е., односно во периодот од 425 - 450 г.п.н.е.[20] Овој тип на лачни фибули има типолошка врска со фибулите кои имаат вертикално продолжено и искривено стапало во Херцеговина (Плана, Качањ)[21] што најверојатно претставува дојдено импулсно влијание од таму.

Фибулите пронајдени во Требениште најверојатно преставуваат локална изработка во локалните занаетчиски работилници и како посебен тип се застапени по брегот на Охридското езеро, односно во Требениште и Селце во Албанија.[22]

---

[20] Лахтов / Кастелиц 1957, Т.8.1,2, 9.3-8; Parović – Pešikan 1992, 340.
[21] R. Vasić 1987, 51; Ć. Truhelka 1901, 7f.5,6; Marić 1977, T.2.4.
[22] N. Ceka 1972, 173, T.8.3.

Од измерената должина на примероци може да забележиме дека должината на фибулите се движи во границите од 50 до 75 мм.

10. **Требениште. Табела III, слика 10.** - *Н. Вулиќ 1933, 475,14.* - Гроб 14. Фибулата е зачувана во целост со мал искршен дел на стапалото. Стапалото е вертикално издолжено и декорирано со концентрични кругови. Фибулата е долга 65мм.

11. **Требениште. Табела III, слика 11.** - *Н. Вулиќ 1933, 475,14.* - Гроб 14. Оваа фибула е фрагментирана. Недостасува иглата и поголем дел од стапалото. Долга е 55мм.

12. **Требениште. Табела III, слика 12.** - *Љ. Поповиќ 1994, 181, 235.* - Фибулата е фрагментирана. Недостасува иглата и фрагмент од стапалото. Таа е долга 55мм.

13. **Требениште. Табела III, слика 13.** - *Љ. Поповиќ 1994, 181, 236.* - Фибулата е фрагментирана. Недостасува врвот на иглата и фрагмент од стапалото. Долга е 65 мм.

14. **Требениште. Табела III, слика 14.** - *Лахтов / Кастелиц 1957, 40, Т.17.5.* - Фибулата е зачувана во целост. Изработена е од бронза. Јасно се гледаат кружните декорации поставени во два паралелни вертикални реда. Долга е 75мм.

15. **Требениште. Табела III, слика 15.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 43, Т.20.1.* - Фибулата е изработена од бронза. Недостасува врвот од иглата и скоро целото стапало. Долга е 65мм.

16. **Требениште. Табела III, слика 16.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 43, Т. 20.2.* - Фибулата е изработена од бронза. Недостасува главата и иглата од фибулата. Стапалото е зачувано во целост со декорација од осум концентрични кругови. Круговите се поставени по четири во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 50мм.

17. **Требениште. Табела III, слика 17.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.8.1.* - Фибулата е изработена од бронза. Зачувана е во целост. Стапалото има декорација од

десет концентрични кругови. Круговите се поставени по пет во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 60мм.

18. **Требеницпте. Табела IV, слика 18.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.8.2.* - Фибулата е изработена од бронза и е зачувана во целост, освен мал фрагмент кој недостасува на стапалото. Стапалото има декорација од осум концентрични кругови. Круговите се поставени по четири во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 60мм.

19. **Требеницпте. Табела IV, слика 19.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.9.3.* - Фибулата е изработена од бронза. Зачувана е во целост. Недостасува мал фрагмент на стапалото. Стапалото има декорација од осум концентрични кругови. Круговите се поставени по четири во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 60мм.

20. **Требеницпте. Табела IV, слика 20.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.9.4.* - Фибулата е изработена од бронза. Лакот и стапалото се зачувани во целост, додека главата и иглата на фибулата недостигаат. Стапалото има декорација од осум концентрични кругови. Круговите се поставени по четири во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 60мм.

21. **Требеницпте. Табела IV, слика 21.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.9.5.* - Фибулата е изработена од бронза. Лакот и иглата се зачувани во целост, недостасува само мал дел од стапалото. На стапалото има декорација од шест концентрични кругови. Круговите се поставени по три во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 60мм.

22. **Требеницпте. Табела IV, слика 22.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.9.6.* - Фибулата е изработена од бронза. Лакот е зачуван во целост, недостига врвот на иглата и мал дел од крајот на стапалото. Стапалото има декорација од осум концентрични кругови. Круговите се поставени по четири во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 60мм.

23. **Требеницпте. Табела IV, слика 23.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.9.7.* - Фибулата е изработена од бронза. Стапалото е зачувано во целост, лакот е скршен но сочуван, а недостига врвот од иглата. Стапалото има декорација од осум

концентрични кругови. Круговите се поставени по четири во два вертикално поставени паралелни реда. Долга е 60мм.

24. **Требениште. Табела IV, слика 24.** - *Лахтов / Касетелиц 1957, 30, Т.9.8.* - Фибулата е изработена од бронза. Зачуван е само лакот од фибулата. Долга е 50мм.

## III. Тракиски тип на лачни фибули

Поголемиот број од примероци на тракиски фибули кои ќе ги наброиме потекнуваат од областа на Катланово. Сите примероци на фибули имаат полукружен лак кој може да има различен пресек. На едната страна лакот преминува во јазол од каде продолжува иглата, а на другата страна од лакот има држач за закачување на иглата. Од држачот продолжува главата на фибулата. Таа може да биде во форма на латинската буква “S”, може да е свиткана нагоре во правец на лакот или пак да е под прав агол. Некои од фибулите може да имаат и топчести задебелувања на лакот. Овој тип на фибули се врзува за тракискиот културен простор во Бугарија, каде што се типолошки класифицирани брз основа на завршетокот после држачот за игла и претежно сé датирани во V и IV век[23], иако има примери што се среќават дури и во III век п.н.е. Се смета дека се развиле од Чертошкиот тип на фибули кои се карактеристични за Италија при крајот на халштатскиот период, именувани според некрополата Чертоза близу Болоња каде што се откриени. Најголем број откриени примери од овој тип има во Бугарија каде се изработувани од железо, бронза, сребро и злато, затоа го носат називот Тракиски. Ги има и со неколку примери во соседна Србија и Грција.

Фибулите кои се откриени на територијата на Р. Македонија, а припаѓаат на тракискиот тип на фибули може да ги поделиме на четири варијанти според завршетокот после држачот за игла:

[23] В. Миковъ 1931, 171-181,150.

1. Во првата варијанта ќе ги вброиме фибулите без украсување на лакот, кај кои завршетокот после држачот за игла има форма на латинската буква "S", а на крајот има конусовидно или цилиндрично топче.

25. **Катлановска бања. Табела V, слика 25.** - *К. Ристов 1999, 117, Т.I.7.* - Гроб 1. Фибула од тракиски тип со глава во форма на латинско "S". Изработена е од бронзена жица, а завршетокот после држачот за игла завршува со конусовидно топче. Долга е 45мм. Датирана е во класичниот период, крај на V и почеток на IV в.п.н.е. Овој тип се врзува за тракискиот културен простор во Бугарија каде што се типолошки класифицирани во третата варијанта и претежно датирани во V и IV век иако има примери што се среќават уште и во III век пр.н.е.

26. **Катлановска бања. Табела V, слика 26.** - *К. Ристов 1999, 122, Т.II.4.* - Гроб 2. Фибула од тракиски тип со глава во форма на латинско "S". Долга е 54мм. Изработена е од бронзена жица. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

27. **Катлановска бања. Табела V , слика 27.** - *К. Ристов 1999, 122, Т.II.6.* - Гроб 2. Фибула од тракиски тип - трета варијанта, со глава во форма на латинско "S". Изработена од бронзена жица, долга е 45мм. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

28. **Катлановска бања. Табела V, слика 28.** - *К. Ристов 1999, 122, Т.II.8.* - Гроб 2. Фибула од тракиски тип со глава во форма на латинската буква "S". Изработена е од бронзена жица, долга е 22мм. Недостасува крајот на главата. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

29. **Катлановска бања. Табела V, слика 29.** - *К. Ристов 1999, 124, Т.III.1.* - Гроб 2. Фибула од тракиски тип. Изработена е од дебел железен тел, долга е 54мм. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

30. **Катлановска бања. Табела V, слика 30.** - *К. Ристов 1999, 117, Т.I.9.* - Гроб 1. Фрагмент од железна фибула од дебел железен тел. Телото е со полукружен лак со глава во форма на латинско "S", а од другата страна преминува во јазол

на која се надоврзува иглата. Долга е 23мм. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е

2. Во втората варијанта ќе ги вброиме фибулите со прстенести украсувања на лакот кај кои завршетокот после држачот за игла има форма на латинската буква “S”, а на крајот има конусовидно или цилиндрично топче.

31. **Катлановска бања. Табела Vi, слика 31.** - *К. Ристов 1999, 117, T.I.8.* - Гроб 1. Фибула од тракиски тип. Изработена е од бронзена жица со глава во форма на латинско “S”, долга е 23мм. Лакот на средината е задебелен и има прстенести задебелувања на краевите кои се фланкирани со уште едно помало од страните. Датирана е од крај на V и почеток на IV в.п.н.е.

32. **Катлановска бања. Табела VI, слика 32.** - *К. Ристов 1999, 122, T.II.7.* - Гроб 2. Фибула од тракиски тип со глава во форма на латинско “S”. Изработена е од бронзена жица, украсена е со топчести задебелувања на краевите од лакот и истиот има задебелување на средината, а завршетокот после држачот за игла завршува со конусовидно топче. Долга е 27мм. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

3. Во третата варијанта ќе ги вброиме фибулите кај кои завршетокот после држачот за игла преминува нагоре под прав агол или е свиткан наназад паралелно со лакот и има форма на конус свртен со основата нагоре.

33. **Катлановска бања. Табела VI, слика 33.** - *К. Ристов 1999, 122, T.II.5.* - Гроб 2. Бронзена фибула изработена од бронзена жица, со глава во форма на конус свртен со основата нагоре, долга е 44мм. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

34. **Катлановска бања. Табела VI, слика 34.** - *К. Ристов 1999, 124, T.III.2.* - Гроб 2. Фибулата целосно е зачувана. Држачот за игла преминува нагоре под прав агол или е свиткан наназад паралелно со лакот и има форма на конус свртен со

основата нагоре. Изработена е од дебел железен тел. Долга е 51мм. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

35. **Катлановска бања. Табела VI, слика 35.** - *К. Ристов 1999, 124, Т.III.3.* - Гроб 2. Железна фибула. Држачот за игла преминува нагоре под прав агол или е свиткан наназад паралелно со лакот. Крајот од главата недостасува. Изработена е од дебел железен тел. Долга е 75мм. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е.

36. **Градиште, с.Макреш. Табела VI, слика 36.** - *З. Георгиев 1990-91, 97, Сл. 6/10.* - Кај фибулата недостасува иглата.

37. **Кале, Скопје. Табела VI, слика 37.** - *И. Микулчиќ 1982, 32, Сл. 9/5.* - Кај фибулата недостасува иглата.Држачот за игла е сочуван и свиткан е нагоре. Завршетокот после држачот за игла преминува нагоре под прав агол.

4. Во четвртата варијанта ќе ги вброиме фибулите кај кои завршетокот после држачот за игла преминува нагоре под прав агол или е свиткан наназад паралелно со лакот, има форма на конус со основата свртен нагоре и имаат кружна плочеста глава на крајот од конусната основа. Целосна ваква фибула не е пронајдена, но пронајдени се завршетоци кои укажуваат на истите иако со сигурност не би можеле да ги потврдиме.

38. **Кале, с.Варвара. Табела VI, слика 38.** - *К. Ристов 1999, 126, Т.I.11.* - Предмет во форма на плочест завршеток кој би требало да припаѓа на оваа варијанта на тракиски фибули.

Карта 1.


200km
Требенишки тип на лачни фибули
Лачни фибули со јазли
Тракиски тип на лачни фибули

## IV. Македонски тип на лачни фибули

Оваа поголема група на лачни фибули веќе се именувани и во литературата се познати како фибули од грчко-малоазиски тип. Називот кој го носат е поради нивното потекло т.е. најраната појава на малоазискиот простор уште во VIII век п.н.е. Тие постепено се пренесуваат од Фригија кон Јонскиот брег и островите Ефесос и Родос. Ги има и во подоцнежните архајски некрополи во Тракија, Македонија и Илирија. Овие фибули се развиваат во Македонија по основа на фригиските фибули и ги имаат задржано елементите на фригиската фибула. Почнувајќи од VI в.п.н.е. па сé до крај на III век п.н.е на територијата на денешна Р. Македонија застапен е овој тип на фибули. Својата кулминација на застапеност и развој, фибулите со малоазиско потекло ја достигнуваат во период на IV и III век п.н.е. Иако има потекло од Мала Азија, оваа група на фибули се одомаќинила на просторот на Македонија и својот зенит на највисок развој и најширока употреба го достига баш на овој простор.
Најраната појава на вакви фибули во Македонија се бележи од крајот на VI век п.н.е или на почетокот од V век п.н.е. Тука може да ги вброиме наодите од околината на Солун, Вергина, Синдос, Западен Халкидик, Требениште, Беранци.

Во Македонија, оваа група на фибули претставува културно обележје на територијата кое брзо се шири на север до Средината на Подунавјето Островул Маре[24], Костолац, Чукарица-Белград[25], Сомбор[26], Чуруг[27], а преку Босна и Херцеговина[28] на запад до Хрватска и на северозапад до славонските наоѓалишта[29]. Примероците кои се најдени на овие простори најверојатно се произведуваат во локални илирски работилници.

[24] D.Berciu 1939, 223, 1,4,8-11.
[25] D. Garašanin 1954, 75.
[26] Z. Vinski – K. Vinski 1962, 282.
[27] D. Garašanin 1954, 40.
[28] A. Benac - B. Čović, *Glasinac* II, 52.
[29] Z. Vinski - K. Vinski 1962, 282.

Фибулите пронајдени на тлото на Македонија се карактеризираат со свои посебни обележја кои ги издвојуваат како посебен и специфичен тип на лачни фибули врзан за оваа територија.

Материјалот од кој се изработуваат овие фибули најчесто е бронза, но има и забележителен број на примероци изработени од злато и сребро.

Лакот кај фибулите најчесто е украсен, но постојат и фибули без украсување на лакот. Фибулите без украсни додатоци на лакот може да имаат мазен лак без задебелување или пак да имаат задебелување на средината од лакот. Фибулите кои имаат лак без задебелување често пати се со тордиран лак или пак имаат изгравирани орнаменти на лакот.

Фибулите кои имаат украсни елементи на лакот најчесто се обработени со две, три, четири или пет украсувања т.е. задебелувања иако има и фубули со дури шест украсни елементи на лакот. Од примероците на увид констатиравме дека најчеста декорација на лакот е со украсни елементи кои според формата ги поделивме на биконични односно топчести, прстенести или звездести. Фибули од ваков тип среќаваме во некрополите на Требенишко Кале, во Делгожда, Беранци, Маркови Кули, Охрид, Варош кај Прилеп, Демир Капија.

Декорациите кои се поставени на лакот најчесто се фланкирани со тесни прстени еден или два на број поставени од двете страни на самата декорација иако не се исклучени и фибули со украсувања на лакот без зајакнување на декорацијата. Всушност, користењето на прстени за фланкирање зависи од димензиите на самиот украс што значи дека кај фибулите со украсни елементи кои се покрупни изостануваат фланкирањата и тие се поставени поблиску една до друга, додека пак оние украсни елементи кои имаат помали димензии се фланкираат од страните со еден или два прстена.

Постарите примери на фибули од VI век п.н.е. се карактеризираат со повиток и пред сé поголем лачен дел. Како најрана декорација на лакот би ги споменале биконичните форми симетрично распоредени. Овој вид на декорација постепено преку помали розетести форми кои се упростиле дури во вид на неколку зарези преминува во ѕвездеста декорација која е карактеристична за IV и III век п.н.е., иако розетата е сеуште присатна и во IV век п.н.е. Тие имаат нагласени ливчиња кои скоро секогаш се фланкирани.

Примери за вакви фибули можеме да најдеме во некрополата на Требенишко Кале[30], Радолишта[31], Петилеп-Беранци.

Оваа група на фибули опстанува на централниот Балкан главно во V и IV век п.н.е.

Главни карактеристики на фибулите претставуваат необичниот облик на главата и ногата. Главата е поврзана со иглата со помош на убаво изработени завртки најчесто со форма на палмета во различни варијанти помалку или повеќе препознатлива. На лакот имаат по пет или шест украси. Паралелно на оваа декорација, може да се забележи и декоративниот елемент на змиска глава на ногата на фибулата која е дури и стилизирана. Таа доаѓа како одраз на “змискиот стил” присатен на македонско-пајонскиот и јужно-илирскиот простор во архајското и класичното време.

Најстари примери на присаство на змиската глава како украсен елемент на фибула имаме во Гордион[32] од крајот на VIII век п.н.е. Од таму овој елемент се шири кон Ефес и Линдос. Фибулите од овие наоѓалиште имаат присаство на змиска глава, но тој тип на декорација со змиска глава нема присаство на декоративни елементи на истата, ниту пак е стилизирана. Својот краен облик на стилизирана вметната змиска глава помеѓу два топчести украса на ногата на фибулата го добиваат на територијата на Македонија и конечно можеме со сигурност да кажеме дека тоа е македонска карактеристика на змискиот декоративен стил присатен кај фибулите. Развојот на овој стил на територијата на Македонија може да се следи од VI односно V век п.н.е., преку примерите од Петилеп и Црквиште од Беранци, Требеницште и Радолишта. Тука се почетоците на застапеност на овој стил. Фибулите се карактеризираат со виток, гладок и голем лак на кој има декорации со почетна форма на ѕвезди кои имаат нагласени ливчиња и се фланкирани со прстени. Од крајот кон средината на IV в.п.н.е. фибулите добиваат нови карактеристики. Конечно змиската глава која ја наведовме како една од носечките карактеристики на македонскиот тип на фибули е оформена и стилизирана. Дотогашниот гладок лак од фибулата исчезнува, а острите

[30] Љ.Поповиќ 1956, Т.XI.17-21
[31] Љ.Поповиќ 1958,79, Т.VII.10
[32] R.Young 1963, 163.

прстени од фланкирањата меѓусебно се допираат. Ливчињата кај ѕвездестите украси стануваат сплоснати т.е. добиваат астрагална форма.

Ова се главните карактеристики на македонскиот тип на фибули кои циркулираат низ средината на IV век п.н.е иако ги сретнуваме во различни варијанти. Понатаму, различните варијанти на овој тип добиваат барокни особености и тоа се согледува во примерите од Жданец-Скопје и Тремник-Неготино[33]. Ваквите влијанија се шират понатаму до Чуруг-Војводина и Штрпци-Босна.

Во III век п.н.е се бележи завршниот степен на развој на овие лачни фибули. Тоа е времето кога овој тип на фибули како единствено препознатлив се губи. Декорациите кај фибулите се упростуваат до едноставни задебелувања со три до пет зарези. За периодот на III век п.н.е. се врзуваат и фибулите со две задебелувања како примерот од Маркови Кули и од Делгожда. Кај овие фибули исто така може да се забележат две топчести задебелувања кај нозете, а на главата има претстава од стилизирана палмета. Лакот на средината е задебелен. Примери за овој тип на фибули даваат и некрополите во Волково, Прилепец, наоѓалиштето "Заград" кај Прилеп, Чепигово.

Веќе од II век п.н.е можеме да ја следиме декаденцијата на македонскиот тип на лачни фибули присатни пошироко на Балканот.

Фибулите се карактеризираат со мали димензии и се декоративно упростени. Лакот е попречно канелиран. Ретко има фибули со три или четири декоративни елементи на лакот. После овие македонски фибули не постои друг препознатлив стил сѐ до појавата на типот на италските фибули од II век п.н.е.

Со оглед на забележителниот број на примероци со веќе погоре наведените карактеристи на фибулите кои се јавуваат на просторот на денешна Р. Македонија ние ќе се потрудиме да направиме поделба односно типологија на фибулите. Типологијата ќе ја направиме врз основа на различните декоративни елементи на лакот од фибулата. Во споредба со слични или исти примероци на фибули, понатаму ќе се потрудиме да ги пронајдеме нивните релации и секако да го одредиме времето на употреба на истите односно да ја одредиме и нивната хронологија.

[33] D Mitrevski 2011. Fig.5.

Кога станува збор за бројна застапеност на лачни фибули со веќе споменатите карактеристики, можеме со сигурност да забележиме и да потврдиме дека концентрацијата на тлото на Македонија е значително поголема во однос на другите наоѓалишта. Тоа е прв знак за именување на фибулите како посебно издвоен македонски тип на лачни фибули. Иако лачните фибули имаат потекло од Мала Азија, сепак тие се развиваат и добиваат свои специфични обележја што се баш карактеристични за територијата на Македонија. Тие имаат силно влијание и надвор од границите на Македонија, прифатени се и сé шират во сите правци пошироко на Балканот. Тие доаѓаат како импорт од Македонија или се локално изработени во различни варијанти. Сите овие параметри укажуваат на моќноста на државата во периодот на IV в.п.н.е.

На почетокот ќе се обидеме да направиме општа поделба на типови на македонски лачни фибули. Објективно разгледувајќи ги фибулите констатиравме дека тие може да се поделат на шест основни типа во однос на бројот на украсните елементи на лакот. Во првиот тип ќе ги сместиме фибулите кај коишто украсните елементи на лакот недостасуваат. Согледувајќи ги карактеристиките на фибулите без украсни елементи на лакот, истите ги поделивме на три подтипа и тоа на: фибули со задебелување на лакот, фибули со линеарна орнаментика на лакот и на фибули со тордиран лак.

Во вториот тип на фибули ќе ги сместиме фибулите кои имаат две декорации на лакот, следниот тип ќе го сочинуваат фибулите со три декорации на лакот, на четвртиот тип ќе припаѓаат фибулите со четири украсни елементи, на петиот тип со пет, а на шестиот тип на македонски лачни фибули ќе припаѓаат фибулите кои на лакот имаат шест украсни додатоци или елементи.

Од примероците со кои располагаме можевме да согледаме дека на лакот на фибулите застапени се неколку форми на украсните елементи: биконични, прстенести и ѕвездести. Врз основа на овие три основни форми на декорација, ние издвоивме три подтипа на фибули и тоа: фибули со биконична или топчеста, прстенеста и ѕвездеста декорација. Варијантите на македонските лачни фибули ќе ги одредиме преку фланкирањата т.е. појачувањето на

декорацијата и на тој начин ќе добиеме фибули без фланкирања, со едно фланкирање или со две фланкирања. Фибулите со украсни елементи на лакот се многубројни и застапени се́ скоро на целата територија на Р. Македонија и ги опфаќаат областите на Пелагонија, Охридско - Струшкиот регион, Демир Капија, Штип, Скопската котлина.

## 1. Лачни фибули без украсни елементи на лакот

Лачните фибули без украсни елементи на лакот се помалубројни. Лакот кај нив е полукружен и мал. Едноставно може да биде мазен, да е ограничен само на декоративна орнаментика или пак да е тордиран.

Најчесто ги има во големина од 30 до 35мм споредено кај примероците на увид. Главата и ногата кај лачните фибули без украсни елементи на лакот се едноставно стилизирани. Главно се застапени во Пелагонија, но познати се и во Охридскиот регион и Источна Македонија. Две вакви фибули се пронајдени во Перник, соседна Бугарија. Ако го согледаме степенот на застапеност по реони може да претпоставиме дека центар на изработка на овие фибули е Пелагонија со оглед на нивната концентрација на овој простор.

Примери за овој тип на фибули исто така имаме и во: Горно Поле (гроб 4) и Караорман - Штип[34], Калдрма, Заград и Прилепец - Прилеп,[35] Три Чељусти - Охрид[36].

Фибулите од Штип се датирани во V век п.н.е. според керамичките наоди, а додека пак фибулите од Калдрма, Прилеп и Три Чељусти од Охрид се датирани во првата половина на IV век п.н.е. Датирањето на овие примероци се базира на останатите наоди главно од керамика со кои се наоѓани. Изработувани се најчесто од бронза.

Согледувајќи ги карактеристиките на фибулите без украсни елементи на лакот направивме поделба на истите на три подтипа:

[34] Т. Нацев 1992, 119, Т.3.1.
[35] Б.Китаноски 1975.
[36] В. Маленко 1975, 128.

**А. Лачни фибули со задебелување на лакот** - кај овие фибули задебелувањето на лакот е секогаш на средината и гледан во пресек лакот има форма на круг. Ногата и главата се едноставно стилизирани.

39. **Охридско. Табела VII, слика 39.** - *Б.Китаноски 1966, Т.I.9.* - *инв.бр.33* - Фрагментиран лак од бронзена фибула. Средниот дел на лакот е задебелен во однос на двата краја. Зачувана должина на лакот е 24мм.

**Б. Лачни фибули со врежани орнаменти на лакот** - овие фибули изработувани се од бронза и големината на примероците со кои располагаме достига до 33мм во должина. Мотивите кои најчесто се сретнуваат се линии или кругови.

40. **Заград, Прилеп. Табела VII, слика 40.** - *Б.Китаноски, 1966. Т.I.7.* - *инв.бр. 138.* Лак од фибула на шарнир од бронза без никакви зајакнувања. Главата му е оштетена. На неа има врежани орнаменти. Ногата е малку деформирана и на неа се зачувани две мали брадавичести испапчувања. Должина на лакот е 29мм, а висина 18мм.

41. **Заград, Прилеп. Табела VII, слика 41.** - *Б.Китаноски 1966, Т.I.8.* - *инв.бр. 136.* Лак од бронзена фибула на шарнир без никакви зајакнувања. Главата и ногата му се оштетени. На ногата покрај двете брадавичести испапчувања, зачувана е и една мала плочка. Должина на лакот е 28мм, а висина 26мм.

42. **Безистен, с. Прилепец. Табела VII, слика 42.** - *Б.Китаноски 1966, Т.I.29.* - *инв.бр. 3.055.* Бронзен лак од фибула на шарнир со многу оштетена глава и нога. Лакот е со иста дебелина по целата негова должина. Зачуваната должина на лакот е 33мм.

43. **Калдрма, Прилеп. Табела VII, слика 43.** - *Б.Китаноски 1975, Т.IX.286.* - Гроб 18. Лак од бронзена фибула на шарнир без глава и нога, изработен е од жица со кружен пресек и еднаква дебелина по целата должина. Целиот лак е рапав од

попречни пластични тенки кругови. Должина на лакот е 21мм, а висината 10мм.

**В. Лачни фибули со тордиран лак** - ваквите фибули изработувани се од бронза и имаат релативно мали димензии до 30мм должина. По целата должина на лакот се забележуваат попречно врежани кругови.

44. **Горно Поле, Штип. Табела VII, слика 44.** - *Т.Нацев 1992, Т.III.1.* - Малоазиски тип на фибула со тордиран лак без задебелувања. Откриена е во насипот над гробот бр. 4. Датирана е од крајот на VI и V век п.н.е. и припаѓа на т.н. Штрбачки тип на фибули. Оваа фибула има аналогии со наодот од Три Чељусти од Охрид.

45. **Три Чељусти, Требениште. Табела VII, слика 45.** - *В. Маленко 1975, 128, 15; П. Кузман 1985, 27, Т.II,14.* - Долга е 34мм. Лакот на фибулата по целата должина нема задебелување, туку целиот е тордиран. Главата добива змиска форма, а на стапалото има декорација со врежување. Иглата не е сочувана.

## 2. Лачни фибули со два украсни елемента на лакот

Кај овој тип на лачни фибули во однос на бројот и формата на украсни елементи на лакот може да издвоиме само еден подтип. Тука би се вброиле фибулите кои имаат топчеста односно биконична декорација на лакот. Друга форма на украсна декорација освен биконичната кај фибулите со два украсни елемента на лакот досега не забележивме на територијата на Р. Македонија.

## A. Лачни фибули со две биконични декорации на лакот

Овој подтип на фибули најчесто е изработен во бронза, но постојат и примероци кои се полуксузни и се изработени од сребро.
Најчесто се пронаоѓани во населби или пак како гробни прилози. Наоѓани се поединечно, но неретко и во двојки односно во пар или во неколку пара заедно со друг накит. Застапени се веќе од крајот на V век п.н.е. и во употреба се во текот на IV век п.н.е со некои варијации во деталите. Фибулите со биконична декорација најрано се познати во околината на Солун и од тука се шират на Пелопонез. Претходни сознанија за овој тип на фибули не се познати. Фибулите од Олинт[37] се датирани во периодот околу 432-348 г.п.н.е. Фибулите од гроб 24 од Требениште[38] се датирани во средина на V век п.н.е., додека пак фибулите од Беранци[39] и Прилеп - Калдрма[40] се датирани во почетокот на првата половина од IV век п.н.е.[41] Во северниот дел на Македонија и Србија доаѓаат во IV век п.н.е со интензивно јужно влијание и стекнуваат голема популарност.

Ако направиме осврт и на поширокото балканско подрачје ќе забележиме дека типот на фибули со биконични декорации на лакот се шири до јужниот дел на Црна Гора каде примероците исто така веројатно одговараат на IV век п.н.е. и живеат подоцна. Такви се фибулите од Момишиќи и Гостиљ кои се пронајден со монети на кралот Гентиус[42]. Понатаму продолжуваат да се шират и на Олинт[43], на косовската област во Велетино[44], јужна Србија во Кршевица, Врање[45], централна Србија во Беочиќ, Јухор[46], Бугарија во Перник[47], југозападна Србија во Крајчиновиќи[48], Забрњица[49], Гласинац[50], Даљ во Славонија[51].

[37] Robinson 1941, 106 T.23.362,363 (tipIX).
[38] Лахтов/Кастелиц 1957, 20.
[39] Mikulčiћ 1966b, 236, 39.
[40] Китаноски 1975, 113, Т.12.
[41] Mikulčiћ, 1966b, 232,21.
[42] O. Žižić 1964-65, 197,25,26.
[43] Robinson, 1941 T.23.362,363.
[44] E. Shukriu 1988.106.
[45] Mikulčić / Jovanović 1968. T.3.227.
[46] Vasić R. 1999. T.51.871.
[47] Čangova, 1981, 31.5,6.
[48] Zotović M.1991. T.3.2.
[49] Vasić R. 1999. T.52.919-922.

Сите параметри од кои најмногу концентрацијата наведуваат на заклучокот дека најверојатно овој тип на фибули распространети и пронајдени низ Балканот потекнуваат од Пелагонија поточно од областа на Прилеп од каде се шири во сите правци.

Примероци за фибули со две топчести украсувања на територијата на Р. Македонија имаме во: Делгожда[52], Демир Капија[53], Голем Град[54], Филиповци[55], Катланово[56], Охрид[57], Калдрма, Заград, Волково[58]. Споредувајќи ги примероците ги забележавме нивните основни карактеристики. Тие се карактеризираат со пократок и подебел лак кој обично на средината е задебелен и во пресек има кружна форма. Краевите од лакот се декорирани со по една прстенеста декорација која најчесто не е фланкирана. Овие примероци се најзастапени.

Фибули кои имаат две прстенести декорации и кои се фланкирани со уште по еден плочест прстен од страните имаме во: Демир Капија, Голем Град, Катланово, Калдрма, Стар Дојран и на локалитетот "Кале"- Скопје. Покрај овие во Заград се среќаваат и фибули со две прстенести фланкирања од страните, а аналогии може да најдеме во Крајчиновиќи и Крушевац.

Лачните фибули со две биконични декорации се најконцентрирани во областа Пелагонија така да можеме да заклучиме дека тоа е нивен центар и дека од таму се шири кон запад, север и југоисток.

Најверојатно е дека центрите за производство на оваа варијанта на фибули треба да се бараат во околината на Прилеп.

---

[50] Benac/Čović 1957, 24, T.49.1,2.
[51] Z/K.Vinski 1962, 276, 83.
[52] В. Битракова-Грозданова 1980, 64; 1987, 76, Т.5.3.
[53] - Арх. Муз. Скопје (315, 316, 317, 884, 885);
[54] В. Битракова - Грозданова 1989, 112, 10.
[55] В. Георгиевски 1987, 132.3.
[56] R. Vasić 1999, 104, T.51.884.
[57] R. Vasić 1999, 104, T.51.887-889.
[58] Б. Китаноски 1966, Т.2.28.

а. **Лачни фибули со две биконични декорации на лакот кои не се фланкирани**

46. **Голем Град, ПреспаТабела VIII, слика 46.** - *В. Б. Грозданова 1989, 112, Сл.10.* - Фибула со плиток лак и проширен пресек. На краевите има две задебелувања. Датирана е од IV до почеток на II век п.н.е.

47. **Демир Капија. Табела VIII. слика 47.** - *И. Микулчиќ 1970, 136, Т.I.i-434.* - Малоазиска бронзена фибула со мазен лак кој е задебелен на средината, на краевите има декорација со двочлени прстени. На главата има два топчести додатоци, а меѓу нив змиски украс. Стапалото е скршено, но видлива е палмета. Пронајдена е во Сонда Д. Должината на фибулата изнесува 35мм.

48. **Делгожда, Струга. Табела VIII, слика 48.** - *В. Б. Грозданова 1987, 79, T.V.3.* - Пронајдена е во гроб 25. Бронзена фибула од со две задебелувања кои не се фланкирани. Датирана е во III век п.н.е.

49. **Долишта, с.Волково - Прилеп. Табела VIII, слика 49.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.28.* - *инв.бр. 3.048.* - Фрагментиран лак од фибула од бронза. Краиштата му се украсени со по едно прстенесто задебелување кое не е фланкирано од страните, а средниот дел е малку задебелен. Ногата е со крстест облик. Зачуваната должина на лакот е 26мм. Датирана е во VI в.п.н.е.

50. **Заград, Прилеп. Табела VIII, слика 50.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.5. - инв.бр. 2765.* - Лак од фибула од бронза, со две задебелувања кои не се фланкирани. Главата и ногата се оштетени. На ногата се зачувани само две брадавичести испакнувања. Должина на лакот е 32мм, а висина 20мм.

51. **Заград, Прилеп. Табела VIII, слика 51.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.2. - инв.бр. 129.* - Лак од фибула изработена од бронза. Главата е со овален облик со јасни траги од орнаменти најверојатно палмета изведени со врежување. Ногата и е истенчена во плочка со елипсовиден облик, на неа има две брадавичести испапчувања кои не се поврзани од долната страна, а на горната страна меѓу нив точно во средината се наоѓа една мала плочка извлечена во иста висина со нив. На лакот има две прстенести задебелувања поставени симетрично на

неговите краишта. Задебелувањата не се фланкирани. Должина на лакот е 32мм, а висина 22мм.

52. **Непознато наоѓалиште. Табела IX, слика 52.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.3.* - *инв.бр. 32.* - Лак од бронзена фибула. Главата е оштетена и на неа се гледаат траги од орнаменти изведени со врежување. На деформираната нога се зачувани две брадавичести испапчувања. На средината лакот е задебелен, а на краевите има по една прстенеста декорација која не е фланкирана. Должина на лакот е 33мм, а висина 20мм.

53. **Калдрма, Прилеп. Табела IX, слика 53.** - *Б. Китаноски 1975, 105, Т.X.252.* - *инв.бр. 252.* - Лак од бронзена фибула на шарнир со оштетена глава и нога. На краевите од лакот има по едно прстенесто задебелување кое не е фланкирано од страните. Средниот дел на лакот е задебелен. На крстестата нога има три кружни отвори. Должината е 35мм, а висината 23мм.

54. **Калдрма, Прилеп. Табела IX, слика 54.** - *Б. Китаноски 1975, 105, Т.X.288.* - *инв.бр. 288.* - Лак од бронзена фибула на шарнир, без глава и оштетена нога која е на три места кружно продупчена. Средниот дел на лакот е задебелен. Има две прстенести задебелувања кои не се фланкирани. Должината на фибулата е 25мм, а висината 17мм.

55. **Калдрма, Прилеп. Табела IX, слика 55.** - *Б. Китаноски 1975, 105, Т.X.289.* - *инв.бр. 289.* - Бронзена фибула на шарнир со оштетена глава и крстеста нога на која има две пластични испапчувања со две биконични декорации кои не се фланкирани. Иглата е зачувана. Должината е 36мм, а висината е 21мм.

56. **Калдрма, Прилеп. Табела IX, слика 56.** - *Б. Китаноски 1975, 105, Т.X.290.* -*инв.бр. 290.* - Лак од бронзена фибула со зачувана глава и нога. Декорациите на лакот не се фланкирани, а лакот на средината е задебелен. Должината е 39мм, а висината 21мм.

57. **Калдрма, Прилеп. Табела IX, слика 57.** - *Б. Китаноски 1975, 105, Т.X.291.* - *инв.бр. 291.* - Гроб 20. Зачуван е лакот од бронзена фибула, без глава и нога. Има две прстенести задебелувања на лакот кои не се фланкирани. Должината е 21мм.

58. **Калдрма, Прилеп. Табела X, слика 58.** - *Б. Китаноски 1975, 113, Т.XII.320. - инв.бр. 320.* - Гроб 34. Бронзена фибула, со оштетена глава и нога. Лакот на средината е задебелен, а декорациите не се фланкирани. Иглата е зачувана. Должината е 30мм, а висина е 18мм.

59. **Калдрма, Прилеп. Табела X, слика 59.** - *Б. Китаноски 1975, 113, Т.XII.321. - инв.бр. 321.* - Гроб 34. Лак од бронзена фибула на шарнир, наполно сличен на претходниот, има оштетена глава и нога. На ногата е зачувано едно топчесто испапчување. Лакот на средината е задебелен, а декорациите не се фланкирани. Должината е 30мм, а висината 20мм.

60. **Калдрма, Прилеп. Табела X, слика 60.** - *Б. Китаноски 1975, 113, Т.XII.336. - инв.бр. 336.* - Гроб 34. Лак од бронзена фибула, со оштетена глава и нога. Лакот на средината е задебелен, а декорациите не се фланкирани. Должината е 29мм, а висината е 21мм.

61. **Калдрма, Прилеп. Табела X, слика 61.** - *Б. Китаноски 1975, 114, Т.XII.371. - инв.бр. 371.* - Гроб 34. Лак од бронзена фибула на шарнир без глава и нога. Лакот на средината е задебелен, а декорациите не се фланкирани. Очувана должина на лакот е 22мм.

62. **Калдрма, Прилеп. Табела X, слика 62.** - *Б.Китаноски 1975, 114, Т.XII.372. - инв.бр. 372.* - Гроб 34. Лак од бронзена фибула без глава и нога. Лакот на средината е задебелен, а декорациите не се фланкирани. Очуваната должина е 28мм.

63. **Калдрма, Прилеп. Табела X, слика 63.** - *Б.Китаноски 1975, 93, Т.II.264. - инв.бр. 264.* - Гроб 5. Лак од бронзена фибула на шарнир, со оштетена глава и нога. На краевите има по едно плочесто задебелување. Средниот дел на лакот е подебел. Должината изнесува 28мм, а висина 13мм.

**б. Лачни фибули со две биконични декорации на лакот кои се фланкирани со по еден прстен**

64. **Кале, Скопје. Табела XI, слика 64.** - *И. Микулчиќ 1982, 9,6.* - Бронзена фибула со две прстенести задебелувања на лакот, фланкирани со уште по едно од страната. На средината лакот е задебелен. Главата е во вид на змиска стилизирана глава со две топчиња, а ногата е во вид на стилизирана палмета.

65. **Стар Дојран. Табела XI, слика 65.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.4.* - *инв.бр. 2770.* - Лак од фибула изработен од бронза. Прстенестите задебелувања на двата краја на лакот од обете страни имаат по едно помало и потенко зајакнување. Главата е оштетена. На ногата покрај двете испапчувања од горната страна се наоѓа тенка плочка. Должина на лакот е 31мм, а висина 20мм.

66. **Катлановска бања. Табела XI, слика 66.** - *К. Ристов 1999, 122, Т.II .9.* - Гроб 2. Бронзена фибула со две прстенести задебелувања на лакот фланкирани со уште по еден прстен од страните. На средината лакот е задебел и има кружна форма. Долга е 35мм. Датирана е во крај на V и почеток на IV в.п.н.е.

67. **Калдрма, Прилеп. Табела XI, слика 67.** - *Б. Китаноски 1975, 94, Т.V.270.* - *инв.бр. 270.* - Лак од бронзена фибула на шарнир, со кружна глава со врежани линии и без нога. Украсувањето е фланкирано со по еден прстен од страните. На средината лакот е задебелен. Зачувана должина е 30мм, а висина 13мм.

68. **Калдрма, Прилеп. Табела XI, слика 68.** - *Б. Китаноски 1975, 105, Т.X.251.* - Лак од бронзена фибула на шарнир кој на средината е задебелен со оштетена глава и нога. На крстестата нога има три кружни отвори. На краевите на лакот има по едно прстенесто задебелување околу кое има по уште едно плочесто помало задебелување. Должината на фибулата е 34мм, а висината 22мм.

69. **Демир Капија. Табела XI, слика 69.** - *Р. Васиќ 1999, Т.51.880.* - Фибулата на средината на лакот има задебелување. На краевите од лакот има по една прстенеста декорација зацврстена со по еден помал прстен од страните. Стапалото е перфорирано со две дупчиња. Долга е 35 мм.

70. **Демир Капија. Табела XII, слика 70.** - *Р. Васиќ 1999, Т.51.881.* - Лакот од фибулата на средината е задебелен. На краевите има по една прстенеста декорација фланкирана со уште по еден прстен од страните. На главата се забележуваат две мали топчиња. Долга е 38мм.

71. **Под Кули - Варош, Прилеп. Табела XII, слика 71.** - *К. Кепески 1975, 159; Р. Васиќ 1999, Т.52.905.* - Лачна фибула со две задебелувања на крајот фланкирани со уште по прстенесто задебелување. Главата е змиска, а ногата е стилизирана палмета.

## в. Лачни фибули со две биконични декорации на лакот кои се фланкирани со по два прстена

72. **Заград, Прилеп. Табела XII, слика 72.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.1. - инв.бр. 130.* - Лак од фибула изработен од сребро со зачувана глава и нога. На краиштата од лакот се наоѓа по едно прстенесто задебелување околу кое од обете страни има уште по две помали и потенки плочести зајакнувања. Средниот дел од лакот е со задебелување. На главата што е со полукружен облик се наоѓаат орнаменти од линии и точки изведени со врежување. Ногата е во вид на плочка со елипсовиден облик и на неа има две брадавичести испакнувања. Иглата е изгубена. Должина на лакот е 42мм, а висината е 27мм.

73. **Заград, Прилеп. Табела XII, слика 73.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.6. - инв.бр. 133.* - Фрагментиран лак од бронзена фибула. Главата и прсенестото задебелување каде таа се спојувала со лакот се скршени. На ногата, што е исто така оштетена зачувани се само две брадавичести испапчувања. Престенеста декорација фланкирана е со две помали плочки од страните. На средината лакот е задебелен. Зачувана должина на лакот е 32мм.

74. **Под Кули - Варош, Прилеп. Табела XII, слика 74.** - *К. Кепески 1975, 156; Р. Васиќ 1999, таб. 52, 903.* - Гроб 1. Фибулата е изработена од сребро. На средината од лакот се забележува задебелување. На краевите има две биконични декорации со по две фланкирања. Ногата е декорирана како стилизирана палмета, а главата е змиска. Долга е 38мм.

75. **Под Кули - Варош, Прилеп. Табела XII, слика 75.** - *К. Кепески 1975, 159; Р. Васиќ 1999, таб. 52, 904.* - Гроб 4. На средината од лакот на фибулата се забележува задебелување. На краевите има две биконични декорации со по две фланкирање. Ногата е декорирана како стилизирана палмета, а главата недостасува. Долга е 34мм.

## 3. Лачни фибули со три украсни елементи на лакот

Кај лачните фибули со три украсни елементи на лакот ние издвоивме четири подтипа на фибули кои се разликуваат според формата на декорациите. Во првиот подтип би ги вброиле фибулите кои имаат три украсни елементи на лакот со биконична форма, во вториот подтип би ги вброиле фибулите со три украсни елементи на лакот со ѕвездеста форма, во третиот подтип би ги вброиле фибулите со три украсни елементи на лакот со цилиндрична форма и во четвртиот подтип ги издвоивме фибулите со три украсни елементи на лакот кои имаат прстенеста форма.

## А. Лачни фибули со три биконични декорации на лакот

Вториот подтип на фибули се карактеризира со три топчиња како облик на украсни членови на лакот. Главата и ногата кај овој подтип на фибули се многу поедноставени, а иглата може да биде изработена од железо. Неретко овие фибули се изработени од бронзена жица и имаат длабок лак. Главата има неколку навои, а иглата се спојува со плочестата нога која што е свиткана кон горе. Во споредба со сличните примероците можеме да констатираме дека должината на овие фибули се движи во граници од 30 до 40мм. Лачните фибули со три биконични украсни елементи на лакот најчесто се пронаоѓани во парови како гробни прилози и не се комбинирани со други фибули. Оваа варијанта на фибули во Олинтос е датирана меѓу 432-348 г.п.н.е. Гробовите од Горно Поле и Требениште се датирани според керамиката пронајдена во нив и тоа во втората половина на V век п.н.е.

Гробот 11 од Беранци[59] е датиран во време на Филип II односно во средина на IV век п.н.е. Фибулите со три топчести декорации се карактеристични за Долна Македонија. Се појавуваат на територијата на Халкидик[60], по долниот дел од течението на реката Вардар[61], потоа се застапени и во Елимиа[62], Тесалија[63] и Олимпија[64], а има и некои примери од Албанија[65]. Овие фибули масивно се застапени во областа на Солун. На север познати се примери од Градец кај Злокуќани, Велетино во Косово и во Буровац, Србија. Најверојатно е призведувана во производствени центри во Долна Македонија, но не е и исклучок ниту локална изработка во местата каде што е пронаоѓана низ Македонија поготово по долината на реката Вардар. Иако најчесто се изработувани во бронза, полуксузни примероци на оваа варијанта имаме во Беранци и тие се изработени од сребро. Најверојатно се изработени во некоја од локалните работилници во околината на Битола, додека пак примероците од Прилеп и Злокуќани нејверојатно се локални имитации. Примерокот од Буровец во соседна Србија најверојатно преставува импорт од Македонија.

Фибулите со три биконични декорации на лакот ги има во две варијанти во однос на зајакнувањето на декорацијата. Значи, декорацијата секогаш е фланкирана со еден или со два прстена од страните.

**а. Лачни фибули со три биконични декорации на лакот кои се фланкирани со по еден прстен**

**76. Заград, Прилеп. Табела XIII, слика 76.** - *Б.Китаноски, 1966, Т.I.11 - инв.бр. 140.* - Фрагментиран лак од бронзена фибула. На местото каде лакот се спојувал со ногата тој е зајакнат со едно прстенесто задебелување кое од страните има уште по едно помало и потенко плочесто зајакнување. Исто такво задебелување има и во средината на лакот што значи дека истиот имал три

[59] Mikulčiħ 1966 b, 231.21.
[60] Robinson 1941, 107. T.23.364-377(tip X).
[61] Kilian 1975 a, T.37.7 (Chauchitsa).
[62] Axiokastro, Anakomi im Mus.Kozani.
[63] Blikenberg 1926, 227, 16b, 260 (Eretria).
[64] Philipp 1981, 317, 1133.
[65] S.Anamali 1979-80, 219, T.6.3. (Podgradec).

задебелувања. На ногата која е со крстест облик има две брадавичести испапчувања. Зачуваната должина на лакот е 29мм.

77. **Калдрма, Прилеп. Табела XIII, слика** 77. - *Б.Китаноски 1975, 99, Т.V.274.* - *инв.бр. 274.* - Гроб 11. Лак од железна фибула со кружна глава на средината продупчена. На лакот има три плочести задебелувања околу кои имало уште по едно такво помало појачување. Ногата ја нема. Должина на фибулата изнесува 25мм, а висината 15мм.

78. **Калдрма, Прилеп. Табела XIII, слика** 78. - *Б. Китаноски 1975, 99, Т.V.275.* - *инв.бр. 275.* - Гроб 11. Лак од бронзена фибула со кружна глава и крстеста нога во три фрагменти. На ногата има две топчести испапчувања, а на лакот три задебелувања околу кои има уште по едно помало плочесто појачување.

79. **Горно Поле - Стар Караорман, Штип. Табела XIII, слика** 79. - *Т. Нацев 1993, 119, Т.III.2.* - Лачна фибула со три биконични задебелувања. Откриена е во средишниот дел на гробот бр. 2. Датирана е од крајот на VI и почеток на V в.п.н.е. Припаѓа на т.н. Штрбачки тип на лачни фибули.

80. **Пилаво, Кочани. Табела XIII, Слика** 80. - *И. Атанасов - С. Карпузова 1999-2001, 117, 2.* - Фибулата има три брадавичести задебелувања кои од двете страни се фланкирани со по еден прстен. Слични на оваа се фибулите од Горно Село кај Караорман, Штип, Демир Капија, Калдрма - Прилеп, Требениште - Охрид.

81. **Манастир, Демир Капија. Табела XIII, Слика** 81. - *В. Соколовска 1974, 186, Т.3.5.* - Гроб 43. Недостасува иглата на фибулата. На лакот има три биконични декорации со по едно фланкирање од страните. Главата е оштетена. Ногата е во вид на стилизирана палмета со три перфорации. Долга е 30мм.

82. **Демир Капија. Табела XIII, слика** 82. - *Р. Васиќ 1999, 106, Т.52.931.* - Сочуван е лакот од фибулата со три биконични украсувања фланкирани со уште едно помало од страните. На главата се зачувани две топчиња. Иглата недостасува. Долга е 34мм.

83. **Требениште, Охрид. Табела XIII, слика** 83. - *Лахтов / Кастелиц 1957, 24, Т.5.2.* - Фибулата е пронајдена во гроб 25. Недостасува иглата. На лакот од фибулата

има три биконични декорации фланкирани од страните со уште по еден прстен. Стапалото е кружно. Долга е 30мм.

84. **Црквиште, Беранци. Табела XIV, слика 84.** - *Каталог Македонија 1980, бр. 304; Микулчиќ 1966б, 232, 20.* - Гроб 11. Лачна фибула изработена од сребро. Лакот на фибулата е украсен со три биконични прстени. Прстените се фланкирани со по два помали прстени од страните кои пак се украсени со зарези. Главата е од змиски тип додека пак стапалото е во форма на стилизирана палмета. Долга е 43мм.

85. **Црквиште, Беранци. Табела XIV, слика 85.** - *Каталог Македонија 1980, бр. 304; Микулчиќ 1966б, 232, 20.* - Многу слична на претходната фибула. Наод од гроб 11. Ексклузивен примерок изработен од сребро. Лакот на фибулата е украсен со три биконични прстени. Прстените се фланкирани со два помали прстени од страните кои пак се украсени со зарези. Главата е од змиски тип и дел од неа е фрагментиран додека пак стапалото е целосно зачувано. Има форма на стилизирана палмета со три перфеорации. Долга е 43мм.

### б. Лачни фибули со три биконични декорации на лакот кои се фланкирани со по два прстена

86. **Калдрма, Прилеп. Табела XIV, слика 86.** - *Б.Китаноски 1975, 99, Т.V.249. - инв.бр. 249.* - Гроб 11. Лак од бронзена фибула со оштетена глава и крстеста нога. На лакот има три прстенести задебелувања околу кои има уште по две плочести појачувања. Должината на фибулата е 30 мм, а висина 23мм.

87. **Заград, Прилеп. Табела XIV, слика 87.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.10. - инв.бр.127.* - Лак од фибула на шарнир од бронза. Зачувана глава и нога. На лакот има три прстенести задебелувања. Од страните на овие задебелувања има уште по две помали и потенки плочести зајакнувања. Ногата е со крстест облик, а главата е многуаглеста. Должината на лакот е 39мм, а висина 23мм.

88. **Црквиште, Беранци. Табела XIV, слика 88.** - *И. Микулчиќ 1966, 234, 20.* - Гроб 11. Сребрена фибула со три прстенести задебелувања на лакот. Секое

задебелување е фланкирано со уште две помали од страната. Главата е во вид на стилизирана палмета, а ногата е во вид на змиска глава со топчиња од страната. Долга е 43мм.

89. **Беранци, Црквиште. Табела XIV, слика 89.** - *И. Микулчиќ 1966б, 230, 9.* - Гроб 7. Сребрена фибула без игла. Има три прстенести задебелувања на лакот и секое задебелување е фланкирано со уште две помали од страната. Главата е во вид на стилизирана палмета, а ногата е во вид на змиска глава со топчиња од страната. Долга е 39мм.

90. **Беранци, Црквиште. Табела XIV, слика 90.** - *Каталог Македонија 1980.* - Гроб 11. Лачна фибула изработена од сребро. Лакот на фибулата е украсен со три биконични украси. Украсите се фланкирани со по два помали прстени од страните кои пак се украсени со зарези. Главата е од змиски тип и делумно е фрагментирана додека пак стапалото е во форма на стилизирана палмета. Долга е 43мм.

91. **Беранци, Црквиште. Табела XIV, слика 91.** - *Каталог Македонија 1980.* - Гроб 11. Ексклузивна лачна фибула изработена од сребро. Зачувана е во целост. Лакот на фибулата е украсен со три биконични прстени. Прстените се фланкирани со по два помали прстени од двете страни. Плочестите фланкирања се украсени со зарези. Главата е од змиски тип со јасно изразени топчиња додека пак стапалото е во форма на убава стилизирана палмета со три перфорации. Долга е 43мм.

## Б. Лачни фибули со три ѕвездести декорации на лакот

Лачните фибули со ѕвездести украсни елемент на лакот главно циркулираат во периодот на IV в.п.н.е. Изработувани се од бронза, сребро и злато. Фибулите со три ѕвездести декорации се најмалку застапени и се ограничени на територијата на Охрид и Демир Капија.

Ливчињата поставени како ѕвездеста декорација гледани во профил најчесто се шест на број.

Ако меѓусебно ги споредиме примероците ќе забележиме дека истите се со релативно мали димензии и нивната просечна должина се движи од 20 до 45мм. Најзастапени се во Долна Македонија каде најверојатно имало центри за нивно производство. Во Охридската област доаѓа како јужно влијание.

Оваа варијанта хронолошки припаѓа на V и почеток на IV век п.н.е. Трбенишките примери од гроб 25 се датирани во втората половина на V век п.н.е. Подолг животен век покажува една фибула на Требенишкото Кале[66]. Според изработката и врз основа на украсите двете златни фибули од Демир Капија[67] најверојатно се изработени во солунските леарници[68]. Оригиналните изработки се во Македонија, а како локални копии или експорт се распространети низ целиот Балкан одејќи до Тесалија и Дунав на север, секако со локални варијации.

Фибулите со три ѕвездести декорации на лакот во однос на фланкирањето ги поделивме на две варијанти. На првата варијанта припаѓаат фибулите со ѕвездести декорации со едно прстенесто зајакнување, а на втората варијанта припаѓаат фибулите со две зајакнувања на ѕвездестата декорацијата.

**а. Лачни фибули со три ѕвездести декорации на лакот кои се фланкирани со по еден прстен**

92. **Требенишко Кале, Охрид. Табела XV, слика 92.** - *В.Лахтов 1959, 51, T.XXIV.5.* - *инв.бр. п-175.* - Гроб 6. Лачна фибула изработена од подебела бронзена жица. Лакот е украсен со три задебелувања. Секое задебелување има по десет ситни запчиња кои се ѕвездесто распоредени. Главата е со врежан орнамент со палмов лист. Иглата е од железо. Ногата е од бронза и има крстовидна форма на страничните краеви кои се куси и полукружни и биле прицврстени мали бронзени топчиња. Фибулата е деформирана. Датирана е од почеток на V в.п.н.е. како импорт. Аналогии има со фибулата од гроб 20 од Требеништа, Бучишта-Охридско, Прилепско. Должина на лакот е 20мм.

[66] В.Лахтов 1959, 62.
[67] Lj. Popović 1994, 198. 278.
[68] Vasić 1985, 135.

93. **Демир Капија. Табела XV, слика 93.** - *Љ. Поповиќ 1994, 198.* - Станува збор за ексклузивен примерок на фибула која е изработена од злато. Главата е змиска стилизирана со две јасно изразени топчиња, а ногата е изработена во вид на убава стилизирана палмета со три кругчиња на неа. Долга е 26мм. На тенкиот кружн лак има три зракасти декорации со јасно изразени краци фланкирани со по еден прстен од страните.

94. **Демир Капија. Табела XV, слика 94.** - *Љ. Поповиќ 1994, 198.* - И оваа фибула е ексклузивен примерок изработен од племенит материјал т.е. злато. Скоро е наполно идентична на претходната. Има грижливо изработено стапало од стилизиран палмин лист и змиска стилизирана глава. Долга е 26мм. На лакот има три зракасти декорации фланкирани со по еден прстен од страните исто како и претходната.

**б. Лачни фибули со три ѕвездести декорации на лакот кои се фланкирани со по два прстена**

95. **Требениште, Охрид. Табела XV, слика 95.** - *Лахтов / Кастелиц 1957, 24, Т.5.1.* - Пронајдена е во гроб 25. Иглата не е сочувана. Ситно зрнестите прстени на лакот се многу тенки и се фланкирани со по две појачувања од страните. Долга е 42мм. Фибулата има змиска глава со две мали топчиња и стапало во вид на палмета.

96. **Требениште, Охрид. Табела XV, слика 96.** - *Лахтов / Кастелиц 1957, 24, Т.5.3.* - Гроб 25. Многу е слична на претходната и заедно се најдени во истиот гроб. Долга е 42мм. И тука иглата не е сочувана. Има три тенки зрнести прстени како украсување на лакот кои се фланкирани со по уште две прстенести појачувања од страните. Стапалото е во вид на стилизирана палмета, а главата е змиска со две мали топчиња.

## В. Лачни фибули со три цилиндрични декорации на лакот

Фибули со три цилиндрични декорации на лакот се пронајдени на Требенишкото Кале[69]. Само две фибули од Требеништа се одредливи временски во последната третина од V век п.н.е. Ова може да претставува временско одредиште и за фибулите од Прилеп.

97. **Требенишка некропола. Табела XVI, слика. 97.** - *В. Соколовска 1997, 134 сл.40.* - Чифт златни фибули од гроб 67, со розети на ногата и главата и три цилиндрични додатоци на лакот опточени со филигран и гранулација. Датирани се во 510 г.п.н.е.

## Г. Лачни фибули со три прстенести декорации на лакот

На територија на Македонија оваа фибула изолирано ја има во Охридската област во некрополата на Требенишко Кале, територијата на град Скопје, Штип. Во Пелагониската област присатни се слични форми кои имаат квадратен пресек на лакот и се датираат во II - I век п.н.е. Таков пример е пронајден во Чепигово. Овој тип на фибула се приближува до формата на латенски фибули со федер кои се се датираат во I век п.н.е. Кај фибулите од Охрид декорациите се во вид на четири тесни прстени наредени еден до друг, а во Демир Капија се сретнуваат и декорации со два двочлени прстени на лакот од фибулата. Ова се најверојатно локални варијанти на овој подтип на фибула.

Кај овие фибули лачниот дел е развлечен, додека пак главата има повеќе навои. Овие фибули преставуваат варијанти на ранолатенските форми кои содржат специфичности на определен регион.

Фибулите со прстенести декорации на лакот може да ги поделиме на две варијанти во однос на бројот на прстените. Во првата варијанта ќе ги вброиме фибулите со три прстенести декорации на лакот со по четири меѓусебно поврзани прстени, а во втората варијанта ќе ги вброиме фибулите со три

[69] Lahtov/Kastelic 1957,42 T.18.10,11.

прстенести декорации на лакот кои имаат по пет меѓусебно поврзани прстени.

а. **Лачни фибули со три прстенести декорации од по четири меѓусебно поврзани прстени**

98. **Требениште, Охрид. Табела XVI, слика 98.** - *Лахтов - Кастелиц 1957, 40, Т.16.1.* - На лакот на фибулата има три прстенести задебелувања. Сите три прстенести задебелувања се состојат од по четири меѓусебно поврзани прстени.

99. **Требениште, Охрид. Табела XVI, слика 99.** - *Лахтов - Кастелиц 1957, 40, Т.16.2.* - На лакот на фибулата има три прстенести задебелувања кои се состојат од по четири поврзани прстени.

б. **Лачни фибули со три прстенести декорации од по пет меѓусебно поврзани прстени**

100. **Заград, Прилеп. Табела XVI, слика 100.** - *Б.Китаноски 1966, Т.I.12. - инв.бр. 8.* - Бронзен лак од фибула на шарнир. На лакот има три задебелувања. Секое задебелување се состои од по пет прстенести зајакнувања. Главата му е со четвртест облик. На оштетената нога зачувани се два врежани круга поставени едно до друго во хоризонтална линија. Должина на лакот е 28мм, а висина е 18мм.

101. **Орешани, Скопје. Табела XVI, слика 101.** - *Р. Васиќ 1999, Т.53.957.* - Фибулата е долга 26мм. На лакот има три задебелувања, секое составено од пет прстенести зајакнувања. Ногата и главата не се зачувани.

## Карта 2.


200km
Лачни фибули без задебелување на лакот
Лачни фибули со две биконични украсувања на лакот
Лачни фибули со три биконични украсувања на лакот
Лачни фибули со четири биконични украсувања на лакот
Лачни фибули со прстенести украсувања на лакот

# 4. Лачни фибули со четири украсни елементи на лакот

На четвртиот тип на македонски лачни фибули припаѓаат два подтипа во однос на декорацијата на лакот на фибулата. Застапени се фибули со биконични и ѕвездести декорации на лакот. Побројни се примероците со биконични декорации во споредба со ѕвездестите.

## А. Лачни фибули со четири биконични декорации на лакот

Оваа варијанта на биконични фибули е во тесна врска со фибулата со три поделби на лакот. Потеклото го носи од Халкидик, се појавува во Тесалија и во Олимпија[70]. Примероците од Демир Капија, Бразда, Орешани и Виница најверојатно се импорт од Пелагонија. Исто така и фибулите пронајдени во Србија се импорт од Македонија. Фибулите од Олинт се датирани во втората половина на V в.п.н.е и прва половина на IV в.п.н.е. Примероците од Беранци беа датирани од средината на IV в.п.н.е., додека пак фибулите од Марков Камен со розета наместо палмета на главата може да се датира во V век п.н.е. Двете златни фибули од гробот 67 од Синдос [71] кои имаат иста декорација се датирани во 510 г.п.н.е. што го подржува датирањето на нашите фибули.

### а. Лачни фибули со четири биконични декорации на лакот кои се фланкирани со по еден прстен

102. **Заград, Прилеп. Табела XVII, слика 102.** - *Б. Китаноски, 1966, Т.I.14. - инв.бр. 139.* - Бронзен лак од фибула. На него има четири прстенести задебелувања. Од страните овие задебелувања имаат по уште едно помало и потенко плочесто зајакнување. Главата и ногата не се зачувани. Должина на лакот е 30мм, а висината е 17мм.

---

[70] Amandry 1953 Abb.32. 3. 4; Robinson 1941, 110. 383 (Olynthos); Phillipp 1981, 316. 1131, 1132, 1134. (Olympia); Kilian 1975 b, 156. 1739, 1740 (Pherai).
[71] Sindos 1985, 205, 328.

103. **Орешани, Скопје. Табела XVII, слика 103.** - *Р. Васиќ 1999, Т.53.951.* - Лак од фибула со должина од 28мм. Прстенестите декорации имаат по едно фланкирање од страните. Главата и лакот не се зачувани.

104. **Виница. Табела XVII, слика 104.** - *Р. Васиќ 1999, Т.53.956.* - Лак од фибула со должина од 28мм. Прстенестите декорации имаат по едно фланкирање од страните.

**б. Лачни фибули со четири биконични декорации на лакот кои се фланкирани со по два прстена**

105. **Бразда, Скопје. Табела XVII, слика 105.** - *И. Микулчиќ / В. Соколовска 1987-89, 87-88, 10.* - Фибулата е изработена од сребро. На лакот има четири прстенести задебелувања секое фланкирано со уште две помали тенки прстенести плочки. Главата е со стилизирани палмини мотиви, а на ногата има стилизирана змиска глава со две топчиња. Датирана е од крај на V и почеток на IV век п.н.е. Пронајдена е во пристапниот ходник во гробницата.

106. **Беранци, Црквиште. Табела XVII, слика 106.** - *И. Микулчиќ 1966а, 29.* - Сребрена лачна фибула. Пронајдена е во гроб 7. Долга е 35мм. Сите четири прстенести задебелувања се фланкирани со уште по два плочести прстени од страните. Иглата недостасува.

107. **Беранци, Црквиште. Табела XVII, слика 107.** - *И. Микулчиќ 1965, 100.* - Фрагментирана сребрена лачна фибула. Пронајдена е во гроб 55. Долга е 37мм. Сите четири прстенести задебелувања се фланкирани со уште по два плочести прстени од страните. Иглата недостасува.

## Б. Лачни фибули со четири ѕвездести декорации на лакот

Овој тип на ѕвездести фибули на територијата на Р. Македонија од досегашните ископувања застапен е само со три примерока. Кај првите два примерока декорацијата е во вид на тенок прстен со ѕвездеста гранулација по работ. Украсните елементи на лакот се фланкирани со по два помали прстени од страните. Кај третиот пример украсните елемент немаат фланкирање и самата декорација е јасно изразена со шест крупни зракасти ливчиња. Должината на овие примероци се движи до 35мм што е повеќе од претходниот тип ѕвездести фибули поради присаството на уште еден декоративен член на лакот.

108. **Требенишка некропола, Охрид. Табела XVII, слика 108.** - *В. Соколовска 1997, 134, 41.* - Чифт бронзени фибули од гробот 73 со четири прстенести задебелувања на вратот. Датирани се околу 440 г.п.н.е.

109. **Заград, Прилеп. Табела XVII, слика 109.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.13.* - *инв.бр. 134.* - Бронзен лак од фибула со зачуван премин на главата и цела нога. На лакот има четири задебелувања кои се кружно и скалесто профилирани, средното е изрежено ѕвездесто. Ногата е со крстест облик, а на долниот крај преминува во спојна плочка. Таа е зајакната со две мали петличести задебелувања. Должина на лакот е 31мм, а висината 22мм.

110. **Заград, Прилеп. Табела XVII, слика 110.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.21.* - *инв.бр. 2.769.* - Лак од фибула, изработен е од бронза и има зачувана глава. Зачувани се четири звездести задебелувања со по шест краци. Главата му е многуаглеста. Зачувана должина на лакот е 31мм.

## 5. Лачни фибули со пет украсни елементи на лакот

Во петиот тип на македонски лачни фибули влегуваат фибулите кои имаат пет украсни елемента на лакот. Можеме да издвоиме два подтипа во однос на формата на декорациите затоа што имаме само декорации со топчеста и ѕвездеста форма.

## А. Лачни фибули со пет биконични декорации на лакот

Од овој подтип имаме само еден пример на фибула. Други примероци на фибули со пет биконични декорации на лакот до сега не ни се познати на територијата на Р. Македонија.

111. **Марков Камен. Табела XVIII, слика 111.** - *Т. Нацев 1993, 118, Т.III.4.* - Гробен прилог, пронајдена е заедно со прилози од сиво печена керамика работена на колце. Припаѓа на Штрбачки тип на фибули. Според керамиката, фибулата е датирана од крајот на VI до почеток на V век. Долга е 42мм. Има змиска глава и стапалото е во вид на розета. Биконичните декорации на лакот се фланкирани со по уште едно појачување од страните.

## Б. Лачни фибули со пет ѕвездести декорации на лакот

Овој тип на фибули се распространети од Тесалија до Дунав. Најчесто се изработувани од бронза и сребро, поретко од железо и злато. Поради поголемиот број на украси на лакот и нивната големина во просек е поголема и се движи од 25мм до 65мм. Ѕвездестите украси може да бидат различни што покажува на локални варијанти т.е. временски и регионални разлики. Освен декорација на лакот, овие фибули имаат и декорација на главата и на ногата со различни мотиви: розети, животни, топчиња. Бронзените фибули се помалку комплицирани за изработка, освен палметите и змиските глави. Овие може да имаат повеќе субваријанти во зависност од формата. Овој тип

на петчлени ѕвездести фибули е најзастапен на територијата на Р. Македонија и ја опфаќа Пелагониската област, Охридско-струшкиот регион, Демир Капија и Скопската котлина.

**а. Лачни фибули со пет ѕвездести декорации на лакот кои не се фланкирани**

112. **Калдрма, Прилеп. Табела XVIII, слика 112.** - *Б. Китаноски 1975, 105, Т.Х.292. - инв.бр.292.* - Гроб 20. Лак од бронзена фибула со оштетена глава и нога. На лакот има пет ѕвездести задебелувања од по шест краци кои не се фланкирани. Должината изнесува 26мм, висината 18мм.

113. **Калдрма, Прилеп. Табела XVIII, слика 113.** - *Б. Китаноски 1975, 106, Т.Х.373.- инв.бр.373.* - Гроб 20. Лак од бронзена фибула наполно сличен на претходниот. На лакот има пет ѕвездести задебелувања од по шест краци, задебелувањата не се фланкирани. Должината изнесува 32мм, а висината 19мм.

114. **Калдрма, Прилеп. Табела XVIII, слика 114.** - *Б. Китаноски 1975, 114, Т.XII.337. - инв.бр.337.* - Гроб 34. Лак од бронзена фибула со оштетена глава и нога. На лакот има пет ѕвездести задебелувања без фланкирање. Должината е 21мм, а висината 21мм.

115. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 115.** - *Б. Китаноски 1966, Т.II.18. - инв.бр. 135.* - Бронзен лак од фибула со цела нога и оштетена глава. На лакот има пет ѕвездести задебелувања со по шест краци кои не се фланкирани. На главата се зачувани траги од орнаменти (палмета?) изведени со врежување. Ногата и е слична со нозете кај фибулите со инв.бр. 129, 136 и 2.270. Должината на лакот е 32мм, а висината е 21мм.

116. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 116.** - *Б. Китаноски 1966, Т.II.19. - инв.бр. 131.* - Бронзен лак од фибула наполно сличен со фибулата со инв.бр. 135. На лакот има пет ѕвездести задебелувања кои не се фланкирани и кои имаат по шест краци. Ногата и главата му се оштетени. На главата се зачувани траги од орнаменти изведени со врежување. На главата има едно брадавичесто

испапчување над кое од десната страна има една мала плочка во иста висина со него. Должината на лакот е 31мм, а висината 18мм.

117. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 117.** - *Б. Китаноски 1966, T.I.20. - инв.бр. 132.* - Бронзен лак од фибула сличен со фибулата со инв.бр. 135, со зачуван почеток на глава и фрагментирана нога. На лакот има пет ѕвездести задебелувања кои не се фланкирани, а имаат по шест краци. На последнава е зачувано едно брадавичесто испапчување. Должина на лакот е 24мм, а висина е 15мм.

118. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 118.** - *Б. Китаноски 1966, T.II.22. - инв.бр. 2.767.* - Бронзен лак од фибула, сличен на фибулата со инв.бр.135, со зачуван почеток на главата и фрагментирана нога. На лакот има пет звездести задебелувања кои не се фланкирании. На ногата е забележано едно брадавичесто испапчување. Должината на лакот е 29мм, а висината 18мм.

119. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 119.** - *Б. Китаноски 1966, T.II.23. - инв.бр. 2.768.* - Бронзен лак од фибула, прилично оштетен со зачуван почеток на глава и фрагментирана нога. Сличен есо фибулата со инв.бр. 135. На лакот има пет звездести задебелувања со по шест краци кои не се фланкирани. На ногата е зачувано едно брадавичесто испапчување. Зачуваната должина на лакот е 28мм.

120. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 120.** - *Б. Китаноски 1966, T.II.24. - инв.бр.141.* - Фрагментиран лак од бронзена фибула. На него се зачувани две ѕвездести задебелувања од по шест краци. Најверојатно лакот бил украсен со пет такви задебелувања. Зачуваната должина на лакот е 19мм.

121. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 121.** - *Б. Китаноски 1966, T.II.27. - инв.бр.5.* - Фрагментиран лак од бронзена фибула на шарнир. Сличен со фибулата со инв.бр. 141. Зачуваната должина на лакот е 15мм.

122. **Заград, Прилеп. Табела XVIII, слика 122.** - *Б. Китаноски, 1966, T.II.25. - инв.бр. 128.* - Лак од бронзена фибула на шарнир со зачувана глава и фрагментирана нога. Сличен е со лакот со фибулата со инв.бр. 135. На лакот има пет звездести задебелувања кои не се фланкирани и имаат по шест краци. На главата што е

многуаглеста зачувани се траги од врежани орнаменти. На ногата стои само едно брадавичесто испапчување. Должината на лакот е 37мм, а висината 22мм.

123. **Заград, Прилеп. Табела XIX, слика 123.** - *Б. Китаноски 1966, Т.II.26. - инв.бр. 2.766.* - Бронзен лак од фибула, сличен со фибулата со инв.бр 135. На лакот има пет звездести задебелувања со по шест краци кои не се фланкирани. Главата и ногата се фрагментирани. Должината на лакот е 35мм, а висината е 20мм.

124. **Голем Град, Преспа. Табела XIX, Слика 124.** - *В. Битракова Грозданов, 1989, 113, Сл. 10.* - Фибула со пет зрачни задебелувања кои не се фланкирани и се симетрично распоредени на лакот. Немарно е работена, датирана од IV до почеток на II век пр.н.е. Пронајдена е надвор од гробните целини.

125. **Катлановска бања. Табела XIX, слика 125.** - *К. Ристов 1999, 122, Т.II.10, Сл.16.* - Гроб 2. Бронзена фибула од малоазиско-македонски тип на шарнир со пет шесткраки ѕвездести задебелувања на лакот кои не се фланкирани. Долга е 42мм. Датирана е на крај од V и почеток од IV в.п.н.е.

126. **Демир Капија. Табела XIX, слика 126.** - *И. Микулчиќ 1970, 136,* Т.*I*.i-432. - Мала бронзена фибула од малоазиски тип. Лакот е тенок со пет розети (ливчињата се астрагалоидни) кои не се фланкирани. Главата и ногата се скршени. Долга е 29мм. Датирана е на крај од V век п.н.е. и почеток од IV век п.н.е.

127. **Демир Капија. Табела XIX, слика 127.** - *И. Микулчиќ 1970, 136,* Т.I.i-434. - Мала бронзена фибула од малоазиски тип. Има тенок лак со пет розети (ливчињата се астрагалоидни) кои не се фланкирани. Долга е 41мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

128. **Велмеј - Бучиште. Табела XIX, Слика 128.** - *В. Лахтов 1959, 51.* - Лачната фибула која на лакот има пет ѕвездести декорации со јасно одвоени ливчиња меѓусебе и силно изразени. Декорациите не се фланкирани. Иглата недостасува. Главата е змиска стилизирана со две мали топчиња. Долга е 31мм.

## б. Лачни фибули со пет ѕвездести декорации на лакот кои се фланкирани со по еден прстен

129. **Заград, Прилеп. Табела XIX, слика 129.** - *Б. Китаноски, 1966, Т.I.15. - инв.бр. 142.* - Бронзен лак од фибула со зачувани почетоци на главата и ногата. На лакот се забележуваат пет звездести задебелувања (астрагалиодни) со по шест краци фланкирани со по еден многу мал прстен. Декорациите скоро се допираат една со друга. Должина на лакот е 41мм, а висина е 20мм.

130. **Заград, Прилеп. Табела XIX, слика 130.** - *Б. Китаноски 1966, Т.II.16. - инв.бр.146.* - Бронзен лак од фибула наполно сличен со фибулата со инв.бр. 142 со зачуван почеток на глава и цела нога. На лакот се забележуваат пет звездести задебелувања (астрагалиодни) со по шест краци кои од страните имаат уште по едно помало плочесто зајакнување. Украсувањата се спојуваат. Направен е од сребро. Должината на лакот е 45мм, а висината 21мм.

131. **Заград, Прилеп. Табела XIX, слика 131.** - *Б. Китаноски 1966, Т.I.17. - инв.бр.137.* - Бронзен лак од фибула со зачуван почеток на ногата и цела глава. На лакот има пет звездести задебелувања фланкирани со уште по една плочка од страните симетрично распоредени по неговата должина. Секое од нив има по пет краци значително покуси од оние фибули со инв.бр. 142 и 146. Главата му е многуаглеста. Должината на лакот е 39мм, а висината 22мм.

132. **Црквиште, Беранци. Табела XIX, слика 132.** *И. Микулчиќ, 1966, 236, 38.* - Гроб 26. Сребрена фибула од малоазиски тип со пет ѕвездести задебелувања на лакот фланкирани од страните со помали прстени кои се спојуваат. Долга е 48мм.

133. **Црквиште, Беранци. Табела XIX, слика 133.** *И. Микулчиќ, 1966, 236.* - Гроб 26. Сребрена фибула од малоазиски тип со пет ѕвездести задебелувања на лакот фланкирани од страните со помали прстени кои се спојуваат. Долга е 48мм.

134. **Црквиште, Беранци. Табела XIX, слика 134.** - *И. Микулчиќ, 1966, 236, 39.* - Гроб 27. Сребрена фибула од малоазиски тип со пет ѕвездести задебелувања на

лакот фланкирани од страните со помали прстени кои се спојуваат. Долга е 63мм.

135. **Петилеп, Беранци. Табела XX, слика 135.** - *Р. Васиќ 1987, Т.74.7.* - Сребрени фибули во пар, идентични. Едната има пет ѕвездести задебелувања на лакот во вид на стилизирана афионова чашка фланкирани од страните со еден прстен. Должината на фибулата е 48мм. Иглата недостига. Датирани во V век п.н.е.

136. **Петилеп, Беранци. Табела XX, слика 136.** - *Р. Васиќ 1987, Т.74.8.* - Сребрени фибули во пар. Втората има пет ѕвездести задебелувања на лакот во вид на стилизирана афионова чашка фланкирани од страните со еден прстен. Должината на фибулата е 48мм. Иглата недостига. Датирана во V век п.н.е.

137. **Делгожда, Струга. Табела XX, слика 137.** - *В.Битакова 1982, 77, Т.V.1.* - Сребрена фибула од малоазиски тип со пет задебелувања фланкирани со уште едно плочесто појачување. Главата е во вид на змиска глава, а ногата е стилизирана палмета. Датирана е во IV век п.н.е.

138. **Делгожда, Струга. Табела XX, слика 138.** - *В.Битакова 1982, 77, Т.V.2.* - Сребрена фибула од малоазиски тип со пет задебелувања фланкирани со уште едно плочесто појачување. Главата е во вид на змиска глава, а ногата е стилизирана палмета. Датирана е во IV век п.н.е.

139. **Кале, Стари Град. Табела XX, слика 139.** - *И.Микулчиќ, 1982, 137, 12.* - Фибула со пет зрнести задебелувања на лакот фланкирани со исто толку високи прстени. Датирана е во доцен III и тек на II век п.н.е.

140. **Волково, Скопје. Табела XX, слика 140.** - *Н.Вулиќ, 1932, 40, 67.* - Лачна фибула со пет ѕвездасти украси на лакот. Украсите се фланкирани со по еден прстен од страните. Декорациите се приближуваат една до друга и растојанието од една до друга е многу мало. Главата е со змиска стилизација и големи кругови, а стапалото е во вид на стилизирана палмета со три перфорации. Иглата не е зачувана. Долга е 65мм.

141. **Жданец, Скопје. Табела XX, слика 141.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ 1975, 234, Т.II.5.* - Голема сребрена фибула од малоазиски тип. На лакот има пет шестокрилни

розети фланкирани од двете страни со по еден задебелен прстен. Украсите се спојуваат. Главата е во форма на голема палмета. На ногата има два големи топчести украса поврзани со една ламела. На предниот дел од ногата се наоѓа стилизирана претстава на пантер. Долга е 60мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

142. **Жданец, Скопје. Табела XX, слика 142.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ 1975, 234, Т.II.6.* - Сребрена фибула. На лакот има пет шестокрилни розети фланкирани од двете страни со по еден задебелен прстен. Украсите се спојуваат. Главата е во форма на голема палмета. На ногата има два големи топчести украса поврзани со една ламела. На предниот дел од ногата се наоѓа стилизирана претстава на пантер. Долга е 60мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

143. **Жданец, Скопје. Табела XX, слика 143.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ 1975, .234, Т.II.7.* - Сребрена фибула. На лакот има пет шестокрилни розети фланкирани од двете страни со по еден задебелен прстен. Украсите се спојуваат. Главата е во форма на голема палмета. На ногата има два големи топчести украса поврзани со една ламела. На предниот дел од ногата се наоѓа стилизирана претстава на пантер. Долга е 69мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

144. **Жданец, Скопје. Табела XX, слика 144.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ 1975, 234, Т.II.8.* - Сребрена фибула од малоазиски тип иста како претходната. На лакот има пет шестокрилни розети фланкирани од двете страни со по еден задебелен прстен. Украсите се спојуваат. Главата е во форма на голема палмета. На ногата има два големи топчести украса поврзани со една ламела. На предниот дел од ногата се наоѓа стилизирана претстава на пантер. Долга е 55мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

145. **Демир Капија. Табела XX, слика 145.** - *В. Соколовска 1974, 188, Т.3.4.* - Мала бронзена фибула од малоазиски тип. Има тенок лак со пет розети (ливчињата се астрагалоидни) кои се фланкирани со по еден мал прстен од страните. Главата и ногата се скршени. Долга е 43мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

146. **Демир Капија. Табела XX, слика 146.** - *И. Микулчиќ, 1970, 135, Т.II.i-421.* - Сребрена фибула од малоазиски тип со пет шестолисни розети на лакот фланкирани со по еден тесен прстен. Главата и недостига, а ногата и е скршена. Долга е 52мм. Датирана е во крај на V век п.н.е.

147. **Демир Капија. Табела XXI, слика 147.** - *И. Микулчиќ, 1970, 136, Т.I.i-431.* - Бронзена фибула од малоазиски тип. Лакот се состои од пет крупни шестолики розети фланкирани со помали и остри пластични прстени. Лакот помеѓу декорациите го нема и тие стојат една до друга. Има голема глава во облик на палмета со врежани детали. Ногата е скршена. Долга е 51мм. Пронајдена е во сонда Ц. Датирана е во крај на V век п.н.е.

148. **Демир Капија. Табела XXI, слика 148.** - *И. Микулчиќ, 1970, 135, Т.II.i-420.* - Сребрена фибула од малоазиски тип со пет шестолисни розети на лакот, фланкирани со две едвај видливи плочки од страните. Главата е во облик на поголема стилизирана палмета, деталите се назначени со втиснати кругчиња. Крупната нога во вид на тенка плочка носи два цилиндрични додатока кои завршуваат со сплоснати топчиња на врвот. Меѓу нив вметнат е дел во вид на стилизирана змиска глава со врежани детали. Долга е 63мм. Датирана е во крај на V век п.н.е.

149. **Требенишка некропола, Охрид. Табела XXI, слика 149.** - *Љ. Поповиќ 1956, 104, Т.II.17.* - Лачна фибула изработена од сребро. Стапалото е изработена како стилизирана палмета со три перфорации додека пак главата е змиска стилизирана со две топчести забележливи декорации. Лакот е тенок и на него има пет ѕвездести декорации кои од страните се фланкрирани со по еден прстен. Долга е 50мм.

150. **Требенишка некропола, Охрид. Табела XXI, слика 150.** - *Љ. Поповиќ 1956, 104, Т.II.18.* - Лачна фибула изработена од сребро. Главата е змиска стилизирана. Стапалото е во вид на розета, а иглата недостасува. Лакот е малку подебел од претходниот и на него има пет ѕвездести декорации фланкирани со по еден прстен од страните. Долга е 50мм.

151. **Требенишка некропола, Охрид. Табела XXI, слика 151.** - *Љ. Поповиќ 1956, 41, 104, Т.II.19.* - Лачната фибула е изработена од сребро. На лакот има пет

ѕвездести декорации со по едно фланкирање од страните. Главата е змиска стилизирана со две топчиња. Стапалото е во вид на розета со една перфорација на средината. Долга е 45мм.

152. **Требенишка некропола, Охрид. Табела XXI, слика 152.** - *Љ. Поповиќ 1956, 41, 104, Т.II.21.* - Кај оваа фибула зачуван е само лакот со пет ѕвездести декорации фланкирани со уште по еден прстен од страните. Изработена е од сребро. Долга е 35мм.

153. **Требениште, Охрид. Табела XXI, Слика 153.** - *Лахтов / Кастелиц 1957, 20, Т.2.1.* - Гроб 24. Лачна фибула изработена од сребро. Стапалото е изработено како стилизирана палмета со три перфорации и зачуван е дел од иглата. Главата е змиска стилизирана, фрагментирана е со зачувани двата топчести елемента. Лакот е тенок и на него има пет ѕвездести декорации кои од страните се фланкрирани со по еден прстен. Долга е 55мм.

154. **Требениште, Охрид. Табела XXI, Слика 154.** - *Лахтов / Кастелиц 1957, 20, Т.2.2.* - Гроб 24. Лачна фибула изработена од сребро. Многу слична на претходната. Стапалото е недостасува. Главата е фрагментирана, но јасно се гледа дека е змиска стилизирана со две топчести зачувани декорации. Лакот е тенок и на него има пет ѕвездести декорации кои од страните се фланкрирани со по еден прстен. Долга е 55мм.

155. **Требениште, Охрид. Табела XXI, Слика 155** - *Лахтов / Кастелиц 1957, 20, Т.2.3.* - Гроб 24. Лачна фибула изработена од сребро. Стапалото е изработена како стилизирана палмета со три перфорации додека пак главата и иглата недостасуваат. Лакот е тенок и на него има пет ѕвездести декорации кои од страните се фланкрирани со по еден прстен. Долга е 35мм.

156. **Три Чељусти, Охрид. Табела XXI, Слика 156.** - *В. Маленко 1975, 142, 15.* - Лачна фибула со пет ѕвездести декорации со многу теки фланкирања од страните. Ливчињата од декорациите се заострени на врвовите. Главата и ногата се оштетени, но препознатливи се формите на змиска глава и стапало како стилизирана палмета. Долга е 33мм.

**в. Лачни фибули со пет ѕвездести декорации на лакот кои се фланкирани со по два прстена**

157. **Калдрма, Прилеп. Табела XXI, слика 157.** - *Б. Китаноски 1975, 102, T.IX.246. - инв.бр. 246.* - Гроб 18. Лак од бронзена фибула со оштетена глава и цела крстеста нога на која има две топчести испупченија. На лакот има пет назабени прстенести декорации, а околу нив уште по две мали и доситно нарецкани појачувања. Должината на фибулата е 48мм, а висината 30мм.

## 6. Лачни фибули со шест украсни елементи на лакот

Овој тип на фибули се ограничува само на една украсна форма како декорација на лакот, а тоа е ѕвездестата декорација.

### А. Лачни фибули со шест ѕвездести декорации на лакот.

На овој тип на фибули припаѓа посебна група на фибули од Жданец. Кај нив можат да се забележат поголеми димензии кои достигаат дури до 10см должина. Сите елементи кои се застапени кај фибулите со три, четири и пет ѕвездести декорации се застапени и тука само во еден вид на преувеличено или барокно прикажување што особено се огледа во димензиите на фибулите, стилизација на змиската глава и палметата на ногата кои се пренагласени. Сите фибули припаѓаат на една варијанта во однос на фланкирањето т.е. сите имаат по едно мало прстенесто задебелување од страните на декорациите на лакот. Датирани се од крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

**a. лачни фибули со шест ѕвездести декорации на лакот фланкирани со по едно прстенесто зајакнување**

158. **Жданец, Скопје. Табела XXII, слика 158.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ, 1975, 233, Т.II.1.* - Голема сребрена фибула од малоазиски тип. Има добро зачуван лак додека пак главата и ногата и се оштетени. Лакот на фибулата е украсен со шест шестокраки розети секоја фланкирана со по едно прстенесто задебелување. Украсите се спојуваат. На подножјето ливчињата на розетите се разделени едно од друго со врежани линии. Главата е во форма на голема палмета, а на ногата се зачувани два големи топчести украса. Долга е 75мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

159. **Жданец, Скопје. Табела XXII, слика 159.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ, 1975, 233, Т.II.2.* - Сребрена фибула од малоазиски тип. Слична е на претходната. Има добро зачуван лак додека пак главата и ногата и се оштетени. Лакот на фибулата е украсен со шест шестокраки розети секоја фланкирана со по едно прстенесто задебелување. Украсите се спојуваат. На подножјето ливчињата на розетите се разделени едно од друго со врежани линии. Главата е во форма на голема палмета и е малку оштетена, а на ногата се зачувани долните цилиндрични партии од топчестите испакнатини. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

160. **Жданец, Скопје. Табела XXII, слика 160.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ, 1975, 233, Т.II.3.* - Сребрена фибула од малоазиски тип. Лакот на фибулата е украсен со шест шестокраки розети секоја фланкирана со по едно прстенесто задебелување. Украсите се спојуваат. На подножјето ливчињата на розетите се разделени едно од друго со врежани линии. Поголем дел од главата недостига. Зачувани се траги од двете топчести испакнатини. Ногата е значително оштетена. Долга е 66мм. Датирана е во крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

161. **Жданец, Скопје. Табела XXII, слика 161.** - *В. Соколовска - Р. Пашиќ 1975, 233, Т.II.4.* - Голема сребрена фибула од малоазиски тип. Најдобро е зачувана. Лакот е со шест розети секоја фланкирана со по едно прстенесто задебелување. Украсите се спојуваат. На подножјето, ливчињата на розетите се разделени

едно од друго со врежани линии. Главата е во форма на палмета со траги од топчести испакнатини. Кај врвот од палметата е зачувана глава од игла која недостига. Ногата на оваа фибула е најдобро одржана. Таа се состои од три големи топчести украси споени со една ламела. Долга е 97мм. Датирана е од крај на V век п.н.е. и почеток на IV век п.н.е.

Карта 3.


Лачни фибули со три ѕвездести украсувања на лакот
Лачни фибули со четири ѕвездести украсувања на лакот
Лачни фибули со пет ѕвездести украсувања на лакот
200km

## Б. Плочести фибули

На територијата на Македонија плочестите фибули застапени се најчесто во југозападните делови.
Тие се производ на локалното занаетчиство. Многу често аналогии на овој тип има во локалитетите од Илирида. Материјалот од кој најчесто се изработувани е бронзата. Овие фибули можеме да ги поделиме на два типа во однос на формата на плочата и тоа на:

1. **Копјести фибули** - каде плочестиот дел е обликуван во форма на копје и обично по средината се издвојуваат по две ребра кои се спојуваат одејќи кон врвот.
Овие фубули се составени од три дела кои гледани во профил прават правоаголен триаголник. Некои фибули имаат плочеста триаголна глава која ја подржува иглата. Ваков тип на фибули среќаваме во некрополите од Требенишко Кале, Црвејнца, Голем Град, Скопско Кале.

162. **Марвинци. Табела XXIII, слика. 162.** - *Г. Микулчиќ, 2005, 119, 1.* - Гроб 145. Фибула со копјесто моделиран лак и две игли. Лиена е од квалитетна бронза потоа е цизелирана и гравирана. Лакот е низок, без карактеристично остро и високо прекршување кон главата. На средина е остро стеснета, долната половина има остар трипребрест профил. Горната половина започнува со остра трикрака ѕвезда и нагоре се проширува конично. Украсена е со напречни вдлабнувања и широко испапчување на врвот. Ногата е подвиена долу, а нејзиното продолжение е залепено под средината на лакот. Главата на фибулата е странично сплескана во вид на плочка превртена на средината за провирање на оската на пружината. Пружината е железна и двострана и има по шест навои на секоја страна. Запонот се потпира под главата однатре. Од долната страна има две паралелни железни игли кои се запетлувале на странично подвиена триаголна нога. Целата фибула е долга 63мм, а е широка 35мм. Таа претставува многу квалитетен производ. Ѕвездестата профилација и ѕвездестиот украс на лакот се идентични со вакви украси на лакот кај

фибулите од малоазиски тип и најверојатно се преземени од нив, а долгата двострана пружина за игла укажува на латенските фибули. Нашите форми на фибули се блиски на оние од источната и западната група. Бронзена фибула со листовидно проширен лак и две игли. Потекнува од доцнохеленистичко време. Таа е специфична форма која потекнува од север од кругот на латенската култура и не е специфична за местото каде е најдена, а е забележана во нашите западни региони и Албанија.

163. **Марвинци. Табела XXIII, слика. 163.** - *Г. Микулчиќ, 2005, 119, 1.* - Гроб 159. Фибула со копјесто моделиран лак и две паралелни игли.

164. **Г.Клисура-Оморани. Табела XXIII, слика 164.** - *И.Микулчиќ 1982, 140, 21.* - Фибула со копјест облик и две паралелни железни игли. Таа е ретка и специфична илирска фибула, кој тип се открива од Охрид до Босна. Датирана е во III и II в.п.н.е.

165. **Голем Град . Табела XXIII, слика 165.** - *В. Битракова Грозданова, 1987, стр.79,80. Т.V.5.* - Листолика бронзена фибула. III-II век п.н.е.

166. **Црвејнца. Табела XXIII, слика 166.** - *В. Битракова Грозданова, 1987, 79, 80. Т.V.4.* - Гроб 72. Ланселиодна бронзена фибула. III-II век п.н.е.

2. **Листести фибули** - каде плочестот дел е листовидно обликуван. Ногата на фибулата претставува правоаголна плочка која има свиени краеви кон горе за прифаќање на иглата. Главата на фибулата е во продолжеток на реброто во вид на жица со кружен пресек кој неколку пати се замотува и од неа излегуваат две игли кои се паралелно поставени. Ваквиот тип застапен е во некрополите во Црвејнца, Требенишко Кале, Голем Град.

Варијанти на овој тип на фибули се карактеристични за споменатиов круг на локалитети т.е. територија. Инаку, најисточна граница до каде се наоѓаат вакви плочести-копјести фибули е охридско-преспанскиот регион со

исклучок на Бабуна[72] и двете фибули од Марвинци[73]. Фибулите можеле да стигнат таму како преку трговија, така и преку војници платеници. Овие специфични форми на фибули можеби биле продуцирани во некој северен балкански реон што досега не е истражуван или пак е како локално производство.

Во литературата се дефинирани како латенски форми според некои автори.

167. **Марвинци. Табела XXIV, слика.** 167. - *Г. Микулчиќ, 2005, 119, 1.* - Гроб 159. Бронзена фибула со листовидно проширен лак. Формата и потекнува од север и кај нас главно е регистрирана во западните региони. Лакот е во вид на шипка со кружен пресек и е листесто проширен. Главата е проширена со подвижни страни за фиксирање на иглите.

168. **Голем Град, Преспа. Табела XXIV, слика 168.** - *В. Битракова Грозданова, 1983-84, 199, 13; - В. Лахтов 1959, 57, Т.XXXII.1 - инв.бр. а-45.* - Листолика - ланселоидна фибула од која се зачувани само листовите, а недостасуваат иглите и спојниците. Фибула со двојна игла изработена од тенка бронзена жица. Составена е од два дела. Првиот дел е двојната игла изработена од бронзена жица. Прво е свиткана на два еднакви дела, а потоа секоја страна при самиот крај уште по еднаш спирално е свиена со што се формира главата на иглата. Вториот е украсниот дел и ногата изработен од едно парче бронзена жица свиткана под прав агол на две еднакви страни. Едната страна на долниот крај малку е сплесната и во средината е продупчена. Тој крај се спојува со главата на фибулата. Другиот крај се проширува во лист кој во средината има пластично ребро. Врвот од листот се проширува во правоаголна плочка која кон крајот се стеснува, а левиот и десниот раб се свиени нагоре за лежиште на иглата. Должината на фибулата е 90мм, а висината 45мм.

Има поправка на едниот лист. Пронајдена е надвор од гробните целини. Датирана е од крај на III до средина на II век п.н.е. Се среќаваат на просторот од Титоград до Охридскиот регион.

---

[72] И. Микулчиќ 1982. 147, 21.
[73] Г. Микулчиќ 1999, 119, 1.

169. **Голем Град . Табела XXIV, слика 169.** - *В. Битракова Грозданова, 1987, стр.79,80. T.V.7.* - Листолика бронзена фибула. III-II век п.н.е.

170. **Црвејнца. Табела XXIV, слика 170.** - *В. Битракова Грозданова, 1987, 79, 80. T.V.8..* - Гроб 108. Листолика бронзена фибула. III-II век п.н.е.

171. **Требенишко Кале. Табела XXIV, слика 171.** - *В. Лахтов, 1959, 39, T.XV.6. - инв.бр. а-43.* - Гроб 1. Фибула со двојна игла, слична на претходната со разлика што оваа е поголема и е целосно сочувана. Украсниот дел е изработен од подебела бронзена панделка во форма на игличест лист. На долниот крај од задната страна напречено е прицврстена тесна панделка која на долниот крај од едната страна има вдлабната точка, а од другата страна е како испапчување кое служи за лежиште и зацврстување на двојната игла т.е. за ногата на фибулата. Рачката на украсниот лист во почетокот е сплескана и проширена, а кон листот собрана и тркалеста. Во средината по должината е украсена со три напречно врежани линии како што е украсен и самиот лист. Двојната игла е изработена од валчеста бронзена жица која на средината е свиена на два еднакви дела, а потоа секој дел спирално се свива двапати и на краевите се формира двојната игла. Помеѓу спирално свитканите краеви се прицврстува украсниот дел со кој заедно се формира главата на фибулата. Долга е 82мм, а висока 33мм.

172. **Требенишко Кале. Табела XXV, слика 172.** - *В. Лахтов 1959, 56, T.XXIX.4. - инв.бр. а-252.* - Гроб 12. Фрагмент од фибула со двојна игла. Сочувана е само двојната игла. Должина 80мм.

173. **Требенишко Кале. Табела XXV, слика 173.** - *В. Лахтов 1959, 32, T.XII.4. - инв.бр. а-71.* - Фибула изработена од бронза и бронзена жица. Составена е од два дела: украсен дел и двојна игла. Украсниот дел е во вид на лист чиј врв е проширен за ногата на фибулата. По површината листот е украсен со три зарежани цртички кои одат по целата должина на листот. На другиот крај од задната страна надолжно е прицврстена тесна четвhousehold страна панделка на чиј долен крај се наоѓа двојната игла со кое се формира и главата на фибулата. Припаѓа на втора група фибули втора варијанта. Долга е 28мм, а висока 15мм. Аналогии

има со некрополата Црвејнца-Охридско, Босна и Херцеговина, Далмација, Грција и Олимпија.

174. **Кале - Стари Град. Табела XXV, слика 174.** - *И. Микулчиќ 1982, 137, 13.* - Италски тип на раноримска фибула со бочни крилца на лакот. Слична е на типот Ауциса од кој се развила и е истовремена. Датитарана е во I в.п.н.е.

175. **Кале - Стари Град. Табела XXV, слика 175.** - *И. Микулчиќ 1982, 137, 14.* - Северноиталска фибула од плочест тип. Плочите се украсени со емајл и посребрување. Ова е најран пример за италска фибула кај нас без аналогии. Датирана е во I в.п.н.е.

# VI. Римски фибули

Продирањето на римската војска почнува преку десаретско-пенестинската земја и македонската територија под управа на Филип V каде што се судриле војските на Римјаните, на Илирите и Македонците. По 167 година нашето подрачје се нашло под римска управа исклучувајќи го просторот што им припаѓал на Дарданите и Медите. Има неколку поголеми датуми кои влијаат на целокупната слика на Римското царство, а секако и на развојот на културата во истото што се огледа во материјалните остатоци. Во 284 година Диоклецијан е назначен за император, после две години во 286 година решил власта да ја дели со Максимилијан и во Империјата настапува период на двовластие т.н. диархија. На 1 март 293 година Империјата се дели на 4 административни единици и настапува период на тетрахија. Овие големи историски настани несомнено влијаат дури и директно врз развојот на фибулите.

Фибулата во римскиот период глобално е многу раширена односно застапена. Основа за настанувањето на римските фибули се доцнолатенските типови на фибули.

Материјалот од кој се изработувани најчесто е бронзата, а полуксузните примероци се изработени од племенити материјали како среброто и златото. Најчесто се украсувани со техника на зарежување, туширање, гранулирање, пунктирање, фасетирање, гравирање, интарзија. Познати се преку 40 форми на римски фибули. Уште од раниот период на Римската Империја од I и II век стремежот е насочен кон постојано барање на нови техники за подобрување на визуелниот ефект на фибулите поради нивното значење. Поради ова се појавуваат најразлични форми и типови. Облиците и формите на фибулите зависеле од модата т.е. од влијанијата претрпени од центрите на нивна изработка неисклучувајќи ги секако и некои автохтони влијанија врз истите. Разноликоста на формите и облиците наеднаш се стопира кога крстестата фибула станува доминантна. Таа целосно го зазема вниманието и понатаму акцентот е ставен на нив, нивно усовршување и нивни варијации: лачни, зооморфни, Т-фибули, крстести, профилирани, коленести, плочести. Иако

фибулите најчесто ги носеле мажите како дел од најнапред воената облека, фибулите како дел од облеките ги користеле и жените. Фибулите кои ги носеле жените најчесто биле носени во пар по две, гледано од функционален аспект тоа е заради должината на наметките кои ги носеле. Наметките биле подолги и потребни биле две фибули за нивна задршка.

Женските фибули биле со помали димензии и на нив е посветено поголемо внимание на декорацијата поради што тие се полуксузно изработени. Носени се на облеката на десното рамо со главата свртена надолу. За разлика од фибулите кои ги носеле жените, димензиите на фибулите кои пак ги носеле мажите се поголеми посебно оние примероци кои припаѓале на војниците и понатаму на државните службеници. Најнапред служеле само како копчи за облеката на војската, но набргу потоа станале обележје за воен и административен ранг.

Почнувајќи од III век поексклузивни примероци на фибули добивале воените трибуни за специјални воени заслуги. Позлатените крстести фибули најверојатно биле опрема на официрите и службениците од понизок ранг. Златните фибули се давале како награди на воените лица, односно на високорангираните офицери. Истите се чувале во наследство.

Типични за IV век се луковичестите фибули, варијанта на крстестите фибули со тубери. Примероците што се откопани на територијата на Р. Македонија покажуваат големи сличности со останатите фибули распространети низ целото Царство.

Поради големиот број на откопани крстести фибули на територијата на Панонија се смета дека истите потекнуваат од Подунавјето, односно за нивно матично подрачје се зема Панонија. Од овие простори тие понатаму се шират низ Балканот.[74]

Бидејќи фибулите се поврзуваат со војската и најчесто се именуваат како војнички фибули, нивното производство би требало да се поврзува за оние работилници кои опстојуваат покрај воените логори. Ваков тип на фибули ископани се на повеќе места кај нас. Има неколку примери од Скупи, потоа лок. Бакалица и Ташачица - Прилепско, во локалитети од Охридскиот базен, а поединечни примери има и од локалитетите: Драчево, Рокомија, Добри Дол,

---

[74] И. Микулчиќ 1974, 136-137.

Таранеш, Зајас, Хераклеја, Дрезга. Римски фибули на територијата на Р. Македонија кои досега се откопани и објавени најчесто припаѓаат на групата на крстести фибули и тоа на типот на крстести луковичести фибули и затоа ние ќе се потрудиме подетално да се задржиме на истите.

На територијата на Македонија за жал досега не располагаме со завиден број на фибули, но во однос на она што го имаме на увид ќе се потрудиме да направиме типологија и систематизација на формите кои се застапени во определени временски граници.

Класификацијата на фибулите ќе ја направиме во однос на основните елементи на фибулата и тоа: разликите во обликот на попречната греда, висината и пресекот на лакот, обликот и декорацијата на ногата и начинот на вглавување на иглата во олучестиот дел на ногата, обликот и големината на туберите од краевите на попречната греда. Типологијата на римските фибули во европски рамки изработил Е. Келер[75] во однос на монетите со кои се наоѓани. Тој хронолошки определил шест типа на крстести фибули и временски ги определил приближно од 290 г.п.н.е. до првата половина од V век.

Оваа хронолошка детерминација ја потврдуваат и наодите од Македонија и затоа ќе ја користиме како репер.

Сите крстести фибули се состојат од игла и тело на кое се разликуваат неколку елементи и тоа: глава, лак, стапало, припојувалка.

1. Глава, претставува завршетокот на фибулата односно местото каде што иглата е прикачена за телото со зглоб или со шина.

2. Лакот е мостот што ги поврзува главата на фибулата и стапалото.

3. Стапало е спротивниот крај на фибулата каде завршува иглата и се прикачува.

[75] E. Keller 1971.

4. Припојувалка е местото каде иглата се фиксира за фибулата и фибулата се затвора. Таа може да биде на почеток, на средина или на крајот на стапалото или најчесто е на долниот дел на фибулата во вид на канал.

5. Игла, таа може да е дел од телото на фибулата или да е раздвоена. Служи за да ја закачи фибулата на облеката. Некои фибули имаат по две игли кои одат паралелно една на друга.

Основна поделба на фибулите, според основната конструкција т.е според поврзувањето на иглата со телото на фибулата е на две групи.

Во првата група спаѓаат т.н. едночлените, а во втората група спаѓаат т.н. двочлените фибули.

Ако иглата и телото на фибулата се направени од едно парче на метал, односно ако фибулата е излиена целосно, тогаш станува збор за **едночлена фибула**.

Во случај кога фибулата е излиена од две парчиња на метал, односно од игла и тело кои се назависно излиени и потоа меѓусебно поврзани тогаш станува збор за **двочлена фибула**.

Римските фибули се поделени во две основни групи според формата на телото и тоа на : римски лачни фибули и римски плочести.

Имињата на двете групи на фибули се описни и од самите нив можеме веднаш да направиме сликовита замисла за изгледот на истите.

Лакот кај фибулите може да има различна форма. Тој може да биде стеснет или задебелен, издолжен, висок, може да има украсување на него во различни варијанти и различно да биде профилиран. Додека пак, плочата кај т.н. плочести фибули е рамна и сплескана и таа може да биде изработена и декорирана во најразлични варијанти. Во понатамошниот текст, ние ќе се задржиме на двете групи на фибули оделно со цел поекспліцитно и подетално да го разгледаме богатото разноврстие на една основна форма и колку таа може да варира во својот домен. Ќе започнеме со лачните фибули за кои ќе дадеме поделба во однос на конструкцијата и формата на лакот. Малку подетално ќе се задржиме на крстестите фибули. Целта е појасно да ги воочиме од причина што најголемиот број на римски фибули досега

откопани на територијата на Р. Македонија припаѓаат баш на овој тип, се разбира и на варијантите односно подтиповите на истиот.

Плочестите фибули исто така се поделени во однос на варијантите на формата на телото. Спектарот на украсување кај овие фибули е навистина голем така да и врз основа на декорирањето може да се поделат на многу различни типови. На територијата на Р. Македонија нивното присаство не е забележително како застапеноста на крстестите фибули, но сепак важно е да се споменат како форма.

## A. Лачни фибули

Лачните римски фибули имаат тело одвоено од иглата. Според поделбата во однос на основните конструктивни елементи би ги групирале во двочлени фибули. Телото на лакот генерално е долго и тесно иако лакот може да се сретне во различни варијанти како скусен, издолжен, висок и задебелен со или без украсување на него.

Римјаните ги посвојуваат лачните фибули од Келтите во доцниот Републикански период околу средината на I век и ги користат до падот на Западното Римско Царство. Можеме да направиме поделба на лачните фибулите според конструкцијата и поделба според формата на лакот.

Според конструкцијата лачните фибули се делат на: лачни фибули на шини, лачни фибули на шарнир, лачни фибули на шарнир со завртка и лачни фибули со зглоб. Понатаму, истите овие поделби имаат и свои потесни поделби.

## 1. Лачни фибули на шини

Кај лачните фибули на шини иглата се протега од крајот на шината и се состои од една или повеќе навои. Тие се поделени на еднодолни и дводелни.

- **Еднодолни лачни фибули на шини** - кај овие лакот и шината се заедно лиени односно лакот и шината се направени од едно парче на метал. Главата се стеснува во жица и прави федер т.е. намотка. Намотките може да бидат унилатерални и билатерални.

Унилатералните намотки се намотуваат само на едната страна од иглата, не преминуваат преку лакот и иглата и продолжува да се намотува на другата страна. Може да има од 1-3 или повеќе намотки. Се појавуваат пред билатералните. Билатерални намотки се користат почнувајќи од III век. Се намотуваат само на едната страна од иглата и потоа поминува под или над лакот и продолжува со повеќе намотки на другата страна.

- **Дводелни лачни фибули на шини** - овие се дводелно лиени т.е. иглата и лакот се направени од различни парчиња на метал и се поврзани на главата од лакот. Иглата влегува во дупче на главата или се намотува околу јамката или дупката.

## 2. Лачни фибули на шарнир

Кај лачните фибули на шарнир иглата на фибулата е оделена од лакот и свртува околу оската на иглата. Иглата нема напнатост. Краевите на оската на иглата можат да бидат зацврстени со едноставни свиткувања, со заковувања на рамната страна или со додавање на јазли. Оската на иглата може да е изработена од бакар или железо. Поделени се на неколку различни подтипа и тоа на:

a. **лачни фибули на шарнир со свиткана шарка** - кај овие главата на иглата е свиткана. Има примери со свиткување под главата на лакот и крајот

не може да се види дека е назабен. И свиткана шарка над многу е поретка, главата на лакот е задржана однапред и крајот може да биде виден од напред.

б. **лачни фибули на шарнир со моделиран канал за шарка** - кај ваквите фибули главата се излива со моделиран страничен канал за оската на иглата.

в. **лачни фибули на шарнир со шарка на трансферзалната преграда** - кај овие фибули широката шипка правејќи Т форма на главата од фибулата содржи засек. Се користи од III век. Долгата оска на иглата поминува низ шупливиот канал на трансферзалната шуплина и ја фиксира иглата.

## 3. Лачни фибули на шарнир со механизам со завртка

Овие фибули се појавуваат во подоцнежниот период од Царството. Кај многу доцни крстести фибули иглата е прицврстена на трансферзалната преграда со крајот од јазолот. Еден од јазлите продолжува во долга игла.

## 4. Лачни фибули со зглоб

Лачни фибули со зглоб каде зглобот стои наместо шарка е користен само во почетниот период на изработка на римски лачни фибули и е застапен само кај неколку примери на рани лачни фибули.

Лачните фибули во однос на формата на лакот имаат неколку поделби. Ние ќе ги споменеме основните што воопшто егзистираат за време на Царството низ целата негова територијална распространетост. Тука би ги наброиле: дериватите на латенски фибули, Alesia фибули, Aucissa фибули, Hod Hill фибули, Augen фибули, Високопрофилирани фибули, Коленести фибули, Крстести фибули.

Со досегашните археолошки ископувања, на територијата на Р. Македонија евидентирано е дека бројно најзастапени се крстестите фибули. Затоа ние ќе обрнеме поголемо влијание на крстестите фибули, на нивното потекло,

карактеристиките, специфичностите и нивната распространетост и застапеност.

## а. Крстести фибули

Најстарата досега објавена златна крстеста фибула потекнува од Парма, Италија[76].

Составни градбени елементи на крстестите фибули се: попречна греда, лак, нога и игла. Иглата не е отстранлива туку е перманентно зглобена со шарка за попречната греда. Овој тип на фибула особено се развива во периодот на доцниот II век и се распростанува низ римското Царство. Првичните примери на крстести фибули не се разликуваат драстично од понатамошните варијанти во кои се развиваат.

Најнапред, основната декоративна спротивно на конструкционалната разлика е тоа што попречната греда на конзервативните фибули со шарка е рамна, додека пак кај фибулите кои се изработуваат подоцна таа завршува со малечки подвижни истакнати места едвај дефинирани. Рамната страна на лакот ја прати едноставна геометриска декорација. Ногата е мала. Во понатамошниот развој на фибулите малите тубери кои имаат облик на топчиња добиваат јајчест облик, попречната греда е хексагонална, ногата е мала но е издупчено местото за прифаќање. Ваквите фибули се датираат околу 250 година.

Понатаму во 3/4 од III век, поточно во периодот од 250 до 285 година се случуваат нови варијации на основните градбени елементи. Се менува димензијата на стапалото од фибулата и таа станува помала. Се случуваат и промени кај лакот и видливо е стеснувањето кај истиот.

Кога станува збор за декорацијата во овој период може да констатираме дека станува збор за геометриска декорација изведена во вид на хоризонтални линии и делтоид. Кај трансферзалната греда од фибулата видливи се убаво оформени јајчести завршетоци.

---

[76] Noll, "Kaiserfibel,"p p. 230-31, no. B 1, figs. 10-12. R. Noll. "Eine goldene 'Kaiserfibel' aus Niederem-mel vom Jahre 316." Bonner Jahrbiicher 174 (1974)

Од 285 година па сé до 293 година, император на римското Царство е Диоклецијан. Во овој период фибулите добиваат нови специфичности. Тие стануваат помасивни т.е. новоизработените фибули се потешки од претходните. Формата е слична на нивните претходници но пропорциите незначајно се сменети, а кога станува збор за детелите може да забележиме дека се јасно издвоени. Трансферзалната греда и понатаму е хексагонална или е излиена и обликот потсетува на трапез. Промени се видливи кај туберите т.е. димензиите на завршетоците. Тие се зголемени и фланкирани се со престенесто поставени перли. Формата е јасно издиференцирана во луковици. Луковиците на попречната греда се лиени заедно со неа додека средишната луковица е дополнително вметнувана. Стеснетиот висок лак е израмнет на гребенот. Кога станува збор за стапалото, тоа е значајно пократко од лакот и е декорирано со украсни ѕвездести вдлабнатини на двата краја. Крајот на лакот каде е закачен за шината е окружен со рамна жица и зрнест тел. Има мала декорација околу лакот на трансферзалната оска.

Во поранеиот период во владеењето на Диоклецијан, вдлабнатите декорации на стапалото ќе бидат заменети со С - волути по должината на стапалото. Волутите како декоративен елемент на стапалото ќе се протегаат скоро до крајот од IV век поточно до 3/4 од IV век.

За римските фибули карактеристична е инскрипцијата обложена со ниело. Овој начин на изработка потекнува од средината на III век. Што се однесува на членовите на империјалните фамилии карактеристично е да се напомене дека тие ги менувале обичните лични имиња и истите ги користеле за инскрипција на фибулите. Гребенот и местото за закачување на иглата продолжуваат да бидат декорирани со орнаментални рабови обложени со ниело, но примарните мотиви не се веќе линии со триаголници или ромбоиди.

Времето на тетрархијата започнува од 293 и трае сé до 324 година. Овој период несомнено нема да ги одмине и промените кај фибулите.

Како новина на прв поглед забележлива е скалестата апликација која се јавува на трансферзалната оска со основна функција да го зајакне составот на лакот и оската. И во овој период димензиите на фибулата се менуваат и се оди кон тенденција за поголеми и потешки фибули. Во трите декади на

тетрархијата стапалото на фибулата ќе се зголеми во должина како и завршетоците.

Кон средината на IV век стапалото ќе биде порабено со пар од С - волути на двете страни. Луковиците се јасно изразени и имаат значителни димензии. Бидејќи стапалото е долго, средишниот дел од стапалото е богато обработен со декоративни елементи во вид на ромбоиди, квадрати, розети кои ги заменуваат претходните средишни линии. Од крајот на IV век и во првата половина на V век фибулите со краток задебелен лак и широко стапало излегуваат од мода. Лакот е заменет со потенок и поиздолжен, а стапалото има отворени волути и истото е потенко и поиздолжено. Декорацијата на попречната греда е подискретна, а луковиците се строго фасетирани. Кога станува збор за социјалниот статус на луѓето какви фибули носат, за овој период карактеристична е констатацијата дека не постои никаква разлика во фибулите што ги носат дури и највисоките воени достоинственици и администрацијата што укажува на фактот дека фибулата веќе не означува ранк туку државно вработување. Несомнено, овој елемент забележан е и во повеќе споменици на применетата уметност на стакло, коска, метал, како и кај фреските[77].

Од средината на V до средината на VI век се изработуваат фибули многу слични на претходните. Попречната греда е малку покуса од претходните примери, а луковиците се строго фасетирани. Отворените С волути на стапалото се заменети со поцврста конструкција од триаголници или полукругови кои се затворени во правоаголна цврста рамка. Веќе јасно се заменети мотивите на декорација. Ако во периодот на тетрархијата мотивите за декорација биле врзани со државата и содржеле политички изјави запишани и излеани во ниело веќе во периодот од средина на IV век па натака се забележливи религиозните симболи како мотиви за декорација на фибулите. Кога општеството цврсто се оформило можел да биде сменет и кодот на облекување со што се губи и потребата за крстести фибули. Тука веќе се гледа крајот на римските фибули и времето кога на сцена стапуваат почетните типови на средновековните фибули изработувани во нови форми и

[77] Vinski Z., 1967, 9.

техники, со нови мотиви за декорации како и употреба на нови материјали за изработка.

## Б. Плочести фибули

Плочестите фибули обично имаат декоративна улога затоа што не се корисни за копчање на облеката. Тие имаат тело кое што е рамно и широко. Нив ги има во широк спектар на форми и варијанти. Римските плочести фибули во употреба влегуваат од I век.

Поделбата на плочестите фибули е направена врз основа на формата на телото на фибулата. Познати се неколку видови на плочести фибули и тоа:

а. *Геометриски плочести фибули* - кај овие телото може да биде во форма на геометриски фигури и тоа: овални[78], розетести[79], ромбоидни[80], месечести[81], ѕвездести, правоаголни, тркалезни или може да имаат комплексни форми.

б. *Орнаментирани плочести фибули* - можат да бидат со централни орнаменти[82], со комплексен дизајн[83], симетрични и асиметрични, да имаат форма на свастика[84].

в. *Емајлирани плочести фибули* - кружни[85], во форма на дијамант[86], ѕвездести или позлатени овални форми[87].

г. *Букви како плочести фибули* - С[88], П, Б, М и Н се буквите кои се најдени како апликации т.е. како плочести фибули во вид на букви.

---

[78] E. Genčeva 2004, 25b.
[79] E. Riha 1979, 7.2.1.
[80] D.Bojović 1983, XXIII.
[81] E.Genčeva 2004, 25c.
[82] D. Bojović 1983, XXV.1.
[83] D. Bojović 1983. XXV.2 ; Genčeva E. 2004, 28b ;
[84] E. Genčeva 2004, 32a.
[85] K. Exner 1941, III. 21-25.
[86] K. Exner 1941, III. 1-17.
[87] E. Genčeva 2004, 33.

*д.* *Зооморфни плочести фибули* - застапени се форми на: птица[89], паун, коњ[90], патка, орел, петел, куче, зајак, лав, риба и сл.

*ѓ.* *Копчести плочести фибули* - може да бидат со или без топче на врвот[91], може да бидат емајлирани[92], со повеќе прстени во центарот и слични форми.[93]

---

[88] E. Genčeva 2004, 31a.
[89] E. Genčeva 2004, 29a.
[90] D. Bojović 1983, XXVIII.4a.
[91] E. Riha 1979, 7.1.
[92] E. Genčeva 2004, 26b.
[93] E. Genčeva 2004, 28a.

# VII. Типологија на римски фибули од Р. Македонија

Од досегашните теренски истражувања во Р. Македонија, од вкупниот број на фибули кои воопшто се пронајдени на оваа територија најмалубројни се примероците на римските фибули.

Ќе се обидеме да направиме нивна типологија во однос на декорацијата, лакот, ногата и попречната греда.

Според досегашните истражувања направена е поделба на римските фибули на четири групи[94].

**Група 1** - Фибулите кои припаѓаат на оваа група се карактеризираат со лак кој е подолг од стапалото. Тој има трапезест пресек и може да има декорација на горната страна. Ногата има правоаголна форма, најчесто е покуса од лакот и украсувањето е со линеарни орнаменти како зарешки и фасетирање. Попречната греда нема украси на горната страна, а нејзиниот пресек има форма на шестоаголник. Луковиците имаат кружен или јајцевиден облик и најчесто се подолги отколку широки.

Овој тип на фибули главно се наоѓани по должина на лимесот и се датирани во периодот од 290 - 330 година[95]. Вакви примери кај нас има во Стоби, Неготино, Требенишко Кале.

**Група 2** - Во оваа група спаѓаат фибули кои имаат лак со трапезест пресек кој се стеснува на преодот со ногата. Најчеста декорација на горната страна е со врежани триаголници. Ногата кон крајот се стеснува и таа е помала од лакот. Стапалото најчесто е украсно со коси или хоризонтални зарежувања по работ на стапалото и вдлабнување во средината кое оди по целата должина. Попречната греда е со трапезест пресек, таа е задебелена и украсена. Луковиците се издиференцирани. Примери за вакви фибули имаме во Стоби.

---

[94] А Јовановић 1925, 135-246.
[95] Е Николова 1999-2001, 263.

Датирани се во првата половина на IV век и ретко ја поминуваат оваа граница[96].

**Група 3** - Во оваа група спаѓаат квалитетно и луксузно обработени фибули. Материјалот од кој се изработуваат најчесто е тенок бронзен лим и често се со позлата. Лакот е масивен и има трапезест пресек, на горната површина е украсен со богат линеарен орнамент кој по рабовите има трапезеста форма, а во средината формира делтоид. Во средината на делтоидите се изведени четворолисни флорални орнаменти. Истиот мотив продолжува и по средината на правоаголната нога. Луковиците се големи и шупливи и се оделени од гредата со прстенести задебелувања. Попречната греда е куса, здебелена, има шестоаголен пресек и е богато декорирана. Ногата е со правоаголен облик, по должината на двата странични раба украсена е со орнамент на легната буква "С", а горната површина на лакот и средишниот дел на ногата се исполнети со богата орнаментална содржина во комбинација со голем број мотиви. Украсувањето е изведувано со техника на плитко вржување. На позлатуваните фибули од овој тип често се додадени христограми и медаљони со портрети на императори[97] на задебелениот лак или пак на попречната греда.
Датирани се во периодот приближно од 370-400 година[98]. Аналогии на овој тип кај нас има во примери во Демир Капија, Стоби, Камник кај Скопје.

**Група 4** - Во оваа група спаѓаат масивните фибули. Тие се карактеризираат со големи димензии, имаат задебелена и украсена попречна греда. Лакот е широк и има трапезест пресек. Луковиците се големи. Стапалото е издолжено подолго од лакот и кон крајот тоа се проширува. Најчеста декорација се концентричните кругови кои се распоредени кон коренот на лакот и крајот на ногата од фибулата.

Фибулите од овој облик најчесто се среќаваат со широк хронолошки распон од средината на IV век до почетокот на V век[99].

---

[96] Е. Николова 1999-2001, 264.
[97] Е. Николова 1999-2001, 266.
[98] Keller 1976.
[99] Е. Николова 1999-2001, 267.

Бидејќи низ развојниот процес римските фибули во различен временски перод развиваат различни форми на туберите т.е. формата на туберите се модифицира ние ќе се потрудиме да направиме типологија на римските фибули од Македонија во однос на формата на туберите. На тој начин ќе добиеме четири подтипа на крстести фибули кои циркулираат во време на римското владеење и тоа: фибули со кружни, со овални, со луковичести и со фасетирани тубери. Како посебен подтип на крстестите фибули ќе ги издвоиме оние со инскрипција и портретни престави со што ќе добиеме вкупно пет подтипа на римски фибули.

## 1. Фибули со кружни - овални тубери

Туберите на крајот од попречната греда кај овој тип на фибули имаат овален облики и се фланкирани со прстен. Фибулите од овој тип се одликуваат со кратко стапало кое има форма на правоаголник. Има и случаи каде стапалото е подолго. На долната страна од стапалото постои покус олучест дел кој служи за прифаќање на иглата. На горната страна од стапалото најчесто се сретнуваат декоративни хоризонтални линии како зарешки и фасетирање. Рамениците на попречната греда како и самото стапалото се помали од лакот. Пресекот на попречната греда има шестоаголна форма и истиот најчесто е без украси на горната страна иако има и примери со декорација. Лакот на фибулите е висок и има триаголен или трапезест пресек. Кога станува збор за декорација на лакот тој може да биде со или без украсување. Фибулите со овални тубери најчесто се наоѓани долж лимесот и се датирани во периодот од 290 - 330 година, поточно најзастапени се во периодот од 275-310 година. Вакви примери кај нас има во Стоби, Неготино, Требенишко Кале.

176. **Дрезга. Табела XXVI, Слика 176.** - *З. Николовски, 1999-2001, 236, 257, Т.Х.1.* - Гроб 61/2000. Луковичеста бронзена фибула. Ногата е куса и се стеснува кон крајот. Туберите се топчести и се фланкирани со прстенесто задебелување.

Долга е 47мм. Датирана е од крај на I - средина на III в.н.е. Зачувана е во целост.

177. **Требенишко Кале. Табела XXVI, Слика 177.** - *В.Лахтов, 1959, 22, T.V.5; инв.бр. а-198.* - Крстеста бронзена фибула. Иста како T.V.3.; *инв.бр. а-150*, само што лакот при панделката од главата прави правоаглесто проширување од кое на заокруглените краеви во средината по висина имаат по еден мал отвор. Во средината на ова правоаглесто проширување имало топчесто задебелување кое отпаднало. Должината изнесува 91мм, висина на лакот е 32мм.

178. **Требенишко Кале. Табела XXVI, Слика 178.** - *В.Лахтов, 1959, 22, T.V.3; инв.бр. а-150.* - Крстеста бронзена фибула. Главата се формира на крајот од лакот во вид на трапезно проширување кое на долниот крај во средината е пресечено за лежиште на железната игла која е зацврстена со железна осовина поврзувајќи ги топчестите задебелувања на краевите. Топчесто задебелување има и на почетокот на лакот. Лакот е изведен од бронзена панделка. По површината нема никаков украс освен на крајот при завршетокот на лакот каде има плитко врежани две надолжни линии. Ногата оди како продолжение на лакот, долга е 34мм. Горната страна е украсена со осум концентрични кругови во два реда меѓу себе поврзани со тангенти. Во средината редовите се разделени со една линија. Долната страна е олучеста која се свива како расчукан дел од ногата и е зацврстена со едно клинче. Припаѓа на третата група на фибули кои се откриени на некрополата. Аналогии со: Лабино-Охрид, Чинар-Охрид, гробишта-с.Љубаништа, Горици-Лескоец, Забрдо-Требениште. Долга е 76мм, висина на лакот е 25мм. Датирана е после IV в.н.е.

179. **Требенишко Кале. Табела XXVII , Слика 179.** - *В.Лахтов, 1959, 23, T.V.6; инв.бр. а-149.* - Бронзена крстеста фибула слична многу на фибулите со *инв.бр. а-198* и *инв.бр. а-150*, само што на почетокот на лакот главата е формирана од шестострана панделка која оди лево и десно напречно по лакот. На каревите завршува со по едно шестостано задебелување какво има на почетокот од лакот над самото лежиште за иглата. Напречната панделка по површината на горната страна има линеарен пластичен украс. Панделката на лакот во пресек е триаглеста. Ногата оди како продолжение на лакот и долга е 40мм. Горната страна е профилирана и украсена со по две букви С. На едниот крај ногата е

исечена по цела должина за лежиште на иглата. Иглата е од тркалезна железна жица и по цела должина е украсена со зиг-заг линии, а во лежиштето се сочувани остатоци од позлатувањето. Долга е 91мм, а висина на лакот е 32мм.

180. **Дрезга. Табела XXVI, Слика 180.** - *З. Николовски, 1999-2001, 236,257, Т.Х.2.* - Гроб 71/2000. Луковичеста бронзена фибула. Иглата недостасува. Ногата е долга. Долга е 47мм. Целата е нагорена. Датирана е од крај на I - средина на III в.н.е.

## 2. Фибули со луковичести тубери

Фибулите кои имаат луковичести тубери можат да бидат со кратко, со долго или пак со широко стапало. Циркулираат во периодот од 275-310 година. Кај крстестите фибули со кратко стапало должината на стапалото е еднаква или незабележително поголема од должината на лакот. Рамениците на попречната греда се незначајно покуси од лакот. Страничните испакнувања т.е. тубери се со форма на луковици. Луковиците се издиференцирани и тие можат да бидат овални или фасетирани. Овие фибули се одликуваат со декорација на лакот и на стапалото. Кратките стапала кај овој вид на фибули може да имаат стеснување на крајот. Попречната греда кај нив е задебелена и украсена. Горната површина на стапалото од фибулата е најчесто украсена со линеарни мотиви во вид на коси или хоризонтални зарешки распоредени покрај работ на ногата. Во оваа група спаѓаат квалитетно и луксузно обработени фибули направени од тенок бронзен лим и често се со позлата. Попречната греда е здебелена и е богато декорирана. Луковиците се големи и шупливи како и масивниот лак кој е со трапезест пресек. Ногата е со правоаголен облик по работ украсена е со орнамент на легната буква “С”, а горната површина на лакот и средишниот дел на ногата се исполнети со богата орнаментална содржина во комбинација со голем број мотиви. Украсувањето е изведувано со плитко вржување. На позлатуваните фибули од овој тип често се додадени христограми и медаљони

со портрети на императори кои се поставени на задебелениот лак или на попречната греда. Стапалото редовно е порабено со типични двојни волути. Примери за вакви фибули имаме во Стоби. Датирани се во првата половина на IV век и ретко ја поминуваат оваа граница.

Фибулите со долго стапало кои припаѓаат на оваа група се потрудивме да ги поделиме на неколку варијанти во однос на декорацијата на самото стапало. Така да имаме варијанти со декорација со кругови, со назабени украси, со волути на стапалото и со отворени волути. Временскиот интервал во кој се користат се движи од 320-420 година.

Фибулите кои како декорација имаат симетрично поставени кругови на стапалото најчесто се масивни и имаат големи димензии. Круговите се поставени на крајот на ногата од фибулата и кон коренот на лакот, а по средината на стапалото има централна линија. Стапалото е издолжено, подолго е од лакот и кон крајот истото има проширување. Кај нив попречната греда е задебелена и украсена. Се одликуваат со големи луковици. Кога станува збор за лакот, тој е помал од стапалото и има широк трапезест пресек. Временски се застапени во периодот од средина на IV век па сé до почетокот на V век т.е. од 320 до 420 година. Во овој временски период застапени се и фибулите кои како декорација на ногата имаат назабен украс. Назабувањата кои како декорација одат по должината на двата краја на фибулата може да бидат во вид на квадрати или трапезоиди. Секако и кај нив стапалото е подолго во однос на лакот.

Малку подоцна во периодот после 340 година, се појавуваат фибули со долга нога подолга од лакот која е малку поразлична во однос на претходниов тип во однос на декорацијата на стапалото. Релативно куса е попречната греда. Таа има шестоаголен пресек и на горната страна има пластичен додаток. Луковиците се фланкирани т.е се издвоени со прстенесто нарецкани задебелувања. Лакот е покус во однос на должината на ногата и е шуплив. Тој во пресек има трапезеста форма. Горната површина на лакот е богато декорирана со геометриски линеарни орнаменти. Најчесто тој орнамент во средината формира делтоид, а по рабовите на лакот има форма на трапез. Во средината на делтоидот се изведени четворолисни флорални орнаменти. Декорот продолжува и по средината на правоаголната нога. Во вид на двојни

волути во вид на легната буква “С” ногата е украсена по двата странични надолжни раба. Имено, станува збор за фибули кои на стапалото како украс имаат волути. Се задржуваат во употреба до 400 година. Овие фибули се малку поспецифични од претходните би рекле поексклузивни затоа што се наменски правени. Истите се доделувани како награда за заслуги на воените лица на специјални и значајни датуми. Најчесто како материјал за нивна изработка е користена бронзата и златото.

Аналогии на овој тип кај нас има во примерите од Демир Капија, Стоби, Камник кај Скопје.

Келер ги вброил ваквите фибули во типот 5 и временски ги определил од приближно од 370 - 400 година.

Според анализата што ја правел Т. Иванов се покажува дека фибулите со портретни претстави се употребувале веќе во втората четвртина на IV век. Од крајот на IV век ногата станува поширока, а веќе од почетокот на V век двојните волути се работени со пробивање. Овие фибули се карактеризираат со стеснет и висок лак. Овој тип на украсување е застапен кај фибулите кои имаат луковичести и фасетирани тубери. И овие претставуваат најчесто ексклузивни примероци и се работени со позлата.

За разлика од фибулите со долго стапало, оние кои имаат широко стапало се одликуваат со најчесто иста должина на лакот и стапалото. Кон крајот на IV век стапалото на фибулата веќе почнува да се проширува. Кај овој тип на фибули лакот е подебел. Украсувањето на стапалото е со назабување или пак со волути. Туберите на крајот од попречната греда имаат луковичеста или фасетирана форма. Овој тип на фибули скоро секогаш е изработуван со позлата.

Несомнено овие фибули потекнуваат од Средното Подунавје т.е. Панонија каде што ги има стотина и од таму може да се прати развојот на оваа форма од каде се шират на југ - Балканот. На западното Балканско подрачје ова фибула е ретка за разлика од областите на Горна Мезија и Северна Македонија (Добри Дол, Драчево, Рокомија, Сингелиќ, Демир капија, Бакалица, Ташачица, Секирани, Зајас, Требенишко Кале, Хераклеја, Кочани). Сепак оваа група на фибули во однос на Подунавјето е мала.

181. **Куманово. Табела XXVI, Слика 181.** - *Е. Петрова, 1987, 106, 8.* - Бронзена лачна Т фибула масивно лиена сосема добро зачувана со траги од позлата. Ногата по обликот и стеснувањето назад и по должината во однос на должината на лакот а и според декорацијата аналогна е на примерокот од Зајас. Попречната греда е фасетирана и украсена со назабување и е блиска на примероците од Скупи и припаѓа на втората Т група фибули според Јовановиќ. Луковиците се фланкирани со прстени. Долга е 82мм, а широка 58мм. Датирана е во I/2 на IV век.

182. **Стоби. Табела XXVII, Слика 182.** - *Е. Николова, 1999-2001, 265, 1, - инв.бр. 72-187.* - Вонгробен наод од сонда 3 под Јужниот бедем. Бронзена крстеста фибула. На горната страна попречната греда е украсена. Пред луковиците има прстенести задебелувања. Лакот има трапезест пресек и украсување на горниот дел во вид на триаголници групирани на почетокот, средината и крајот на ногата. Аналогии има во Ниш, Градско Поле и Стрелиште100, муниципиум ДД101, Кладово102. Ваквиот тип на фибули датирани се во првата половина на IV век[103].

183. **Скупи. Табела XXVII. Слика 183.** - *И. Микулчиќ, 1974, 125, 23 а,б. - инв.бр. 49.* - Гроб 189. Масивно лиена бронзена луковичеста фибула. Ногата е украсена со гравирање со осум пластични алчиња. Лакот е фасетиран и има врежана украсна лента по должината. Рамењата се степенести. Иглата била изработена од железо. Долга е 77мм, а широка е 51мм. Карактеристичен е запонот за затварање на иглата. Датирана е со монета на Јулијан Отпадникот.

184. **Скупи. Табела XXVII. Слика 184.** - *И. Микулчиќ, 1974, 130, 20 а,б. - инв.бр. 468.* - Гроб 180а. Бронзена луковичеста фибула силно нагорена. Главата и недостасува. Ногата е украсена со осум пластични алчиња. Сочувана должина е 63мм. Датирана е во втората третина на IV век.

185. **Старо Лагово. Табел XXVII, Слика 185.** - *В. Соколовска 1978, 155, 5.* - Бронзена лачна фибула масивно лиена, оштетена од дивата патина. Ногата на фибулата е украсена со 10 гравирани алчиња поставени од страна. По средината врежана

---

[100] D. Bojović 1983, T.XLIV. 401, 402.
[101] E. Čereškov 1970, 30, T.XVIII. 1.
[102] Ѓ. Јанковић 1975, 203, Сл.3,4.
[103] В. Лахтов 1959, T.V.5,6,

е украсна лента со коси зарези која преминува и го покрива и лакот, а рамената на фибулата се скалесто решени. Луковиците се фланкирани со прстени. Димензии: 90, 58, 12мм. Датирана е во I/2 на IV век.

186. **Стоби. Табела XXVII, Слика 186.** - *Е. Николова, 1999-2001, 268, 4.* - *инв.бр 73-39.* - Бронзена двочлена луковичеста фибула. Ногата исто така е украсена со пет пара концентрични кружни вдлабнувања во пар на ногата и групирани по три на врвот. Профилираните раменици не се нарецкани. Аналогии има во Сигидинум[104] и Добри Дол.

187. **Стоби. Табела XXVII, Слика 187.** - *Е. Николова, 1999-2001, 268, 3.* - *инв.бр 73-8.* - Гроб 207. Бронзена луковичеста фибула. Попречната греда има форма на трапез со профилирани нарецкани раменици, луковиците се фланкирани со прстенести задебелувања. Лакот е со трапезест пресек, а на преодот кон ногата има мало проширување во вид на гребен. На горниот дел е украсен со орнамент со втиснување кој продолжува и по средината на ногата, но зарежувањата се поставени во обратен правец. Ногата исто така е украсена со пет пара концентрични кружни вдлабнувања во пар на ногата и групирани по три на врвот. Аналогии се сретнуваат со пример од Сингидинум[105], Ниш[106].

188. **Стоби. Табела XXVIII , Слика 188.** - *Е. Николова, 1999-2001, 266, 2* - *инв.бр. 73-66.* - Гроб 224. Бронзена луковичеста фибула со позлата. Има шуплив лак. Попречната греда е релативно куса и има шестоаголен пресек. На горната страна има пластичен додаток, а луковиците се фланкирани со пластично задебелување. Лакот има трапезест пресек и по горниот дел е линеарно украсен. Ногата по надолжниот раб е украсена со двојни волути во вид на буквата С. Аналогии може да се најдат со примери од Нишката тврдина[107], Улпијана кај Грачаница[108], Славонска Пожега[109], Камник-Скопје[110], Демир

[104] А. Јовановић 1925, Т.XLVIII.423.
[105] Д. Бојовић, 1973, Т.XLVIII.422.
[106] А. Јовановић 1925, Сл. 15, 16.
[107] А. Јовановић 1925, Сл. 5, 7.
[108] E. Čereškov 1969, Sl. 17.
[109] Z. Vinski 1967, T.II,1, T.III.1,2,3.
[110] Г. Димитриоска 1979, 134, Т.II.2.

Капија[111], Мурса кај Осиек, Дреново. Келер ги ставил во типот 5 и временски ги одредил од 370-400 година[112].

189. **Камник. Табела XXVIII, Слика 189.** - *Г. Димитриоска, 1979, 133, Т.II.2* - Доцноантичка крстеста фибула со луковичести главички од позлатена бронза. Главичките се фланкирани со по еден запчест прстен. Лакот има трапезоиден пресек. Стапалото е богато декорирана со волути.

190. **Демир Капија, Табела XXVIII, Слика 190.** - *Б. Алексова 1966, 107, 11. Т.III.11* - Гроб 193, крстеста фибула од IV век. Масивно лиена со фланкирани луковици. Стапалото е декорирано со волути.

## 3. Фибули со фасетирани тубери

Овој тип на фибули, во однос на стапалото го поделивме на три подтипа: фибули со кратко, широко и долго стапало. Во периодот од 310-350 година во употреба се фибулите со кратко стапало.

Од 320 - 340 година се употребуваат фибули со широко стапало. Кај овие фибули декорацијата на стапалото може да оди во две варијанти. Првата е поставување на назабен геометриски украс по должината на двата раба на стапалото, а втората варијанта е декорирањето со волути.

Малку подоцна за временскиот интервал од 380-465 година, карактеристични се фибулите кои имаат долго стапало. Тие се карактеризираат со висок стеснет лак кој е покус од стапалото. Украсувањето на стапалото е со отворени волути.

Кон крајот на царството во времето од 450-560 година се изработуваат фибули со висок краток лак кои имаат изразито долго стапало кое може да биде дури и двапати подолго од должината на лакот.

[111] Б. Алексова 1966, Т.III.11.
[112] В. Лахтов 1959, Т.V.5,6.

191. **Рокомија. Табела XXVIII, Слика 191.** - *Б. Јосифовска, 1960, 200, 6. - Инв.број. 1641.* - Фибулата е долга 85мм, а широка е 56мм. Сочувана е целосно. На ногата има шест волути распоредени по три од секој раб. Датирана е во IV век.

192. **Скупи. Табела XXVIII. Слика 192.** - *И. Микулчиќ 1974, 114, 26. - инв.бр. 578.* - Гроб 200. Луковичеста фибула изработена од бронза. Луковиците се фасетирани. На надворешниот дел од лакот има орнамент со низа ромбови. Ногата од горе е благо профилирана и гравирана. Долга е 70мм, а широка е 47мм. Датирана е во втората третина на IV век.

193. **Скупи. Табела XXVIII. Слика 193.** - *И. Микулчиќ 1974, 115, 19 а,б. - инв.бр. 200.* - Гроб 108. Луковичест тип на фибула изработена од бронза. Ногата од горе е профилирана и украсена е со техника на гравирање со осум пластични алчиња. Лакот остро профилиран и е украсен со меандер со техника на гравирање. Рамењата сеназабени. Челната луковица недостасува. Долга е 73мм, а широка 51мм. Датирана е во III или IV век.

## 4. Фибули со инскрипција и портретни претстави

На 1 март 293 диархијата се менува во тетрархија. Со овој потег Империјата се дели на четири административни едниници. Од тоа време започнуваат да се пишуваат натписи односно имиња на цезарите и августите на телото на фибулата. Ова за нас е посебно значајно зашто многу полесно временски ги определуваме стиловите на крстестите фибули кои се секогаш разнолики во деталите, но исти во суштината на градбените елементи. Ваквите фибули секогаш се изработени од племенити материјали освен секако емитациите на истите кои се правени од бронза. Иако се појавуваат нови трендови на изработка на фибули сепак кај римјаните е карактеристично продолжувањето на изработка на веќе старите форми што значи дека веднаш не се изостава веќе користениот стил за сметка на новиот тренд кој дошол. Како типолошка карактеристика која се врзува за фибулите со инскрипција е скалестата декорација по должината на попречната греда која е помасивна и доаѓа на местото на помалата декорација која служела

како задршка на лакот и гредата. Позабележливи промени се тенденцијата кон поголеми односно помасивни фибули и ќе се забележи зголемување на луковиците и стапалото на фибулата. Геометриските украси на ногата продолжуваат се додека не се стандардизира декорацијата со С - волути. Инскрипцијата како елемент за украсување не е новост воопшто затоа што веќе е користена инскрипција на објекти или на различни предмети од применетата уметност. Инскрипцијата која ја забележуваме кај крстестите фибули најчесто е работена во техника на ниело лиење. Таа е поставена на двете страни од лакот додека пак гребенот од лакот и понатаму е декориран со орнаментални мотиви излеани во ниело. Пишаните извори кажуваат дека од втората половина на III век сребрените и златните фибули биле давани како подароци на воените офицери. Овој податок е потврден со археолошките истражувања. Кога станува збор за функцијата т.е. користењето на крстестите фибули ќе спомонеме два битни показатела кои би стоеле како докази за претпоставката за детерминирање на времето и сталежот на луѓе кои ги користеле истите. Мозаикот ”Големиот лов” во вилата Piazza Armamerina во Сицилија датиран е во втората и третата декада на IV век, тој со својот сликовит приказ јасно потврдува дека само државни функционери носат клоака прикачена со златна крстеста фибула.[113] Овој детал прикажан на мозаик е јасна потврда дека овие фибули се давани на високи државни функционери како цезари и августи. Друг показател кој стои исто така како репер е Гробот од Таранеш. Наодот на крстеста златна фибула од гробот од Таранеш е ексклузивен примерок на фибула со инскрипција. Тој ни дава јасни индикации дека од тогаш па во иднина крстести златни фибули не можат повеќе автоматски да се поврзуваат само со воени функционери, судејќи врз основа на останатите гробни прилози.[114] Прилозите од гробот од Таранеш потврдуваат дека веќе во периодот на првата половина на IV век не постоеле разлики помеѓу облеката на администрацијата и војската. Овие два показатела кои ги потенциравме и кои се јасно временски детерминирани претставуваат многу важен елемент како

[113] J. Polzer 1973,139-50, pl. 23, 1-2.
[114] A. H. M. Jones 1966, p-197.

помош и потврда за разграничување на проблемот на застапеноста на одредени типови фибули кај одредени сталежи во Римското Царство.

194. **Таранеш. Табела XXIX, Слика 194.** - *М. Ивановски, 1984, 220, Т.II.1.* - Крстообразна луковичеста фибула која е лиена од сирово злато. На двете страни на лакот има изгравиран натпис со ниело техника. Според класификација на Келер[115]. Хронологијата на Келер се потврдува и во наодите од Зајас[116], Драчево[117], Скупи[118], Добри Дол[119]. Аналогии со овој пример кај нас се сретнуваат со фибулата од Рамниште. Во натписот на фибулата го нема името на августот т.е. цезарот , а се претпоставува дека е од времето на Ликиниј I или неговиот син Ликиниј II според типолошките карактеристики на истата.

[115] E. Keller 1971, 37.
[116] В. Битракова 1966, 96.4.
[117] Б. Јосифовска 1956, 288.6,7.
[118] И. Микулчиќ 1974, гроб 200, Сл. 26.
[119] Д, Вучковиќ - Тодоровиќ 1958, 295-296, Сл.10.

# VIII. Завршни разгледувања

На крајот ни преостанува уште да донесеме едно сумарно видување за фибулите на територијата на Р. Македонија во периодот на  Антика. Во текстот што следува ќе се потрудиме во кратки црти да ја согледаме нивната изработка, функција и примена, нивното значење како дел од културата на живеење и релациите во времето во кое се користеле со цел да оставиме една целосна слика за типовите на доминантни фибулите на територијата на Р. Македонија од V в.п.н.е па сé до V в.н.е.

Фибулите несомнено претставуваат утилитарни предмети кои се во цврста и нераскинлива врска со народите почнувајќи уште од праисторијата, потоа се сретнуваат во  антиката, а нивното користење продолжува и во средниот век. Како модифицирани се користат и во денешно време во вид на украсни брошеви или копчи.

Нивната функција е пред сé практична бидејќи служеле за копчање на облеката, но без изостанок на декоративниот елемент во самата практичност на фибулата.

Материјалот од кој се изработуваат е најчесто бронза или железо со исклучок на поексклузивни примероци со посребрување и позлата, како и специјални фибули изработени од племенити материјали како среброто и златото.

Најчесто се изработени со лиење на металот, а техники на декорирање има повеќе меѓу кои можеме да ги спомонеме: гравирање, ниело, дупчење.

Украсувањето на фибулите го разгледуваме низ многу варијанти  и варијации што укажува на фактот дека големо внимание е посветено врз изработката на истите. Разликите во декорот пак ни укажуваат на елемент на препознатливост. Несомнено, врз основа на декоративните елементи кај фибулите ја согледуваме и улогата на припадност на полот што ја носи и социјалниот статус на лицето.

Ова се неколку факти кои ги претставуваат фибулите како еден од многу важните показатели за идентификување на полот и сталежот на покојникот при археолошките истражувања. Како археолошки движен

материјал пронајдени се стотици различни видови на фибули. Секој народ со своите културни и социјални обележја влијаел различно во различно време и на различна територија врз развојот на фибулите така што оставил свој специфичен белег врз истите. Иако со сигурност може да кажеме дека се следеле модните текови во развитокот на фибулите каде влијание секогаш се пренесува од појаките на послабите културни центри сепак кај одредени народи или групи постојат специфични автохтони обележја кои ги издвојуваат како посебни типови врзани за одредена територија.

Знаеме дека фибулите на територијата на Р. Македонија се застапени уште од времето на праисторијата и циркулираат низ антиката и средниот век. Во овој труд ние се задржавме на најзастапените типови на фибули кои циркулираат на овој простор во времето на антиката. Врз основа на материјални податоци направиме поделба и типологија на форми на раноантички и доцноантички т.е. римски фибули на територијата на Р. Македонија. Од времето на раната антика и низ римскиот период, на територијата на денешна Р. Македонија констатиравме дека циркулирале неколку групи на различни типови на фибули. Според некои заеднички елементи предримските фибули ги групиравме на лачни фибули со јазли, македонски тип на фибули, листовидни-копјести и тракиски тип на лачни фибули.

Во првиот дел се задржавме на некои основни поими во врска со раноантичките фибули воопшто и како специфични ги издвоивме лачните фибули од македонски тип. Сите фибули се составени од неколку основни составни елементи и тоа: тело кое може да биде лачно или плочесто, игла, федер или спојница. Овие основни елементи покажуваат свои специфичности карактеристични за одреден број на фибули определени со одредена територија и затоа врз основа на нивните варијации ги направивме поделбите на фибулите.

Посебен осврт направивме на т.н. група на Македонски лачни фибули. Оваа голема група на фибули досега во литературата е издвоена како грчко-малоазиски тип на фибули на основа на потеклото. Поради нивната забележителна бројна застапеност на територијата на денешна Р. Македонија во однос на соседните региони каде е распространет овој тип на фибули и

поради екслузивните примероци кои се пронајдени тука со одредени специфичности кои понатаму се копирани кај други народи и територии имаме цврсти аргументи да кажеме дека овој тип на фибули се развива и зенитот на развој го достига баш на овие простори во периодот на IV и III век п.н.е. Ова ни дава за право со потполна сигурност да можеме да ги именуваме како Македонски лачни фибули. Овој тип на лачни фибули го засноваат културното обележје на оваа територија, а понатаму своите влијанија овие фибули ги шират кон Подунавјето. Ова укажува дека територијата на Македонија во IV в.п.н.е. е многу моќна. На таа територија се создаваат новини кои понатаму се шират кон соседните области. Ова ќе укаже на фактот дека центар на случувањата на Балканот во IV в.п.н.е. е Македонија, а фибулите се еден од доказите. Македонските лачни фибули се работени најчесто од бронза, додека пак ексклузивните примероци се изработени од племенити метали како сребро и злато. Присуството низ вековите ги чини разноликостите и варијантите кои се јавуваат кај овие лачни фибули. Бидејќи ги корителе различни сталежи и групи на луѓе имаме различни варијанти на македонскиот тип на лачни фибули. Затоа ние се потрудивме да направиме поделба и систематизација на истите земајќи ги во предвид различните декорации на лакот како основен препознатлив елемент што пак понатаму ни помогна временски да ги разграничиме.

Како основена карактеристика што специфично ги обележува македонските лачни фибули е присаството на "змиска глава". Овој по потекло фригиски елемент на присаство на змиска глава како декорација на стапало на фибула својот краен и совршен облик на стилизација и декорација го добива на територијата на Македонија. Главата на фибулата добива претстава на стилизирана змиска глава поставена помеѓу два топчести украса на стапалото од фибулата. Главата на фибулата обично е декорирана со стилизирана палмета. Развојот на оваа карактеристика може да го следиме од VI в.п.н.е. па сé до III в.п.н.е. кога го достига својот зенит на развој. IV век п.н.е. е време кога овие фибули се сретнуваат во многу варијанти за да веќе во III век п.н.е. го достигнат крајот на развојот. Кон крајот на овој век полека почнувајќи да добиваат барокни особености се оди кон декаденција на стилот, со што препознатливиот и јасен стил на Македонски лачни фибули изумира.

Останатите типови на фибули кои се пронајдени и потекнуваат од овој временски период се влијанија од надвор и доаѓаат најчесто како импорт или се локално изработени копии.

После овие македонски фибули постои извесен меѓупростор на стагнација сé до појавата на типот на италските фибули од II век п.н.е на овие простори.

Поголема група на фибули која што е карактеристична за територијата на Р. Македонија од римскиот период претставуваат луковичестите фибули. Овој тип на фибули припаѓа на групата на римски лачни фибули. Значителен број од пронајдените римски лачни фибули припаѓа на овој тип. Овие фибули немаат некои конкретни локални обележја карактеристични за територијата на Македонија и не се бројно застапени така да може да кажеме дека доаѓаат како увоз или пак се работени во локалните леарници по пример на римските лачни фибули најчесто од Подунавјето со кои имаат многу големи сличности. Панонија односно Подунавјето најверојатно преставуваат балкански главен центар на овој тип на фибули затоа што на таа територија се пронајдени многубројни примероци во многу варијанти кои свето влијание го ширеле кон југ и исток. Поделбата која ја направивме на пронајдените римски фибули од Македонија се заснова на обликот на туберите т.е. кружните испапчувања кои стојат на главата од фибулата и на краевите од попречната греда.

Забележливо е дека во време на римската империја брзо се шират придобивките во културата и носители се главните центри на четирите области на кои е поделена. Невкусно би било за крај да не се спомене златната фибула од Таранеш. Таа е досега најмасовната т.е. најтешка ископана златна фибула од типот на фибули со инскрипција во светот. Има тежина од 120гр. сирово злато и претставува еден исклучителен и ексклузивен примерок забележлив во светски рамки.

На крајот може да кажеме дека фибулите се неизбежен дел од културите на народите и како такви циркулираат со векови.

Фибулите од Македонија се уште еден јасен и цврст доказ за историјата, за постоење на издвоеност на Македонија од околните региони и

моќта на државата која се огледа и во сферата на фибулите како дел од материјалната култура и културата на живеење воопшто.

Може да заклучиме дека фибулите се одраз на културата, социјалното живеење и економските стандарди на државите и како археолошки движен материјал претставуваат цврсти историски докази поради што нивното значење во никој случај не смее да се биде спорно и да се занемари.

# IX. Кратенки

**Arh. Pregled** = Arheološki pregled (Belgrad-Ljubljana).

**Arh. Vestnik** = Arheološki Vestnik (Ljubljana).

**Arh. Rad. i ras. II** = Arheološki Radovi i Rasprave (Zagreb).

**Vj. Arh. Hist. Dalm** = Vjesnik za Arheologiju i Historiju Dalmatinsku (Split).

**Vranj. Gl.** = Vranjski Glasnik (Vranje).

ГЗФФ = Годишен Зборник на Философкиот Факултет (Скопје).

**Gl. Sk. Nauč. Dr** = Glasnik Skopskog Naučnog društva (Skopje).

**Gl. Zem. Muz** = Glasnik Zemaljskog Muzeja (Sarajevo).

ЖА = Жива Антика (Скопје).

ЗАМ = Зборник на Археолошкиот музеј (Скопје).

Зб. Нар. Муз. у Београду = Зборник Народног Музеја у Београду (Београд).

**Mac. Acta Arch.** = Macedoniae Acta Archaeologica (Skopje).

**Mus.Kozani** = Museum Kozani.

***Opucs. Athen*** = *Opuscula Atheniensia (Lund).*

**Starinar** = Starinar (Belgrad).

# X. Библиографија


- Aleksova B. 1966. *Prosek – Demir Kapija*, Skopje – Beograd, 1966.
- Amandry P. 1953. *Les Bijoux antiques. Collection H. Stathatos I*, 1953.
- Anamali S. 1980. *Podgradec, Iliria 9-10*, 1979-80.
- Bailey D. 1969. *Opus. Athen. 9, (Chauchitsa),* 1969.
- Benac.A - Čović B. 1957. *Glasinac II,* 1957.
- Berciu D. 1939. *Arhaeologia prehistorica o Olteniei*, Caiowa 1939.
- Blinkenberg Ch. 1926. *Fibules Grecques et Orientales,* 1926.
- Bojović D. 1983. *Rimske Fibule Singidunuma. Muzej Grada Bograda Serija - Zbirke i Legati Katalog XII.* Beograd, 1983.
- Битракова-Грозданова В. 1966. *Римски гроб од Зајас, ЗАМ кн.IV-V. 1966.*
- Битракова - Грозданова В. 1980. *Некропола кај Делгожда - Струга 1979, Mac. Acta Arch. 6, Скопје, 1980.*
- Битракова - Грозданова В. 1986. *Mac. Acta Arch. 10, 1985-86.*
- Битракова - Грозданова В. 1987. *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, Скопје, 1987.
- Битракова - Грозданова В. 1990. *Mac. Acta Arch. 12, Скопје, 1990.*
- Вучковић - Тодоровић Д. 1958. *Римски двојни гроб из Доброг Дола код Скопља, Старинар VII-VIII, 1956-1957, Београд 1958.*
- Vasić R. 1985. *Prilog proučavanju šarnirskih fibula u Jugoslaviji. Godišnjak. Centar Balk. Isp. XXIII/2, 1985.*
- Vasić R. 1999. *Die Fibeln im Zentralbalkan, Stuttgart, 1999.*

- Vasić R. 1987. *Prilog proučavanju fibula sa pravougaonom nogu na Balkanu. Arh. Vestnik 38, 1987.*
- Vinski K. / Vinski Z. 1962. *O utjecajima istočnoalpske halštatske kulture i balkanske ilirske kulture na slavensko-srijemsko Podunavlje, Arh. Rad. i ras. II, Zagreb, 1962.*
- Vinski Z., 1967. *Kasnoantički starosedeoci u salonitanskoj regiji prema arheološkoj ostavštini predslavenskog supstrata, Vj. Arh. Hist. Dalm. LXIX, Split, 1967.*
- Vulić N. 1932. *Gl. Sk. Nauč. Dr. II.*
- Garašanin D. 1954. *Katalog metala. Narodni muzej Beograd, 1954.*
- Георгиевски В. 1987. *Арх. преглед 28, 1987.*
- Георгиев З. 1990-1991. *Три предримски населби кај Пчиња, ГЗФФ, кн. 17-18, Скопје, 1990-1991.*
- Genčeva E. 2004. *Les Fibules Romaines de Bulgarie de la fin du 1er s. av. J.-C. à la fin du VIe s. ap. J.-C. Veliko Trnovo, 2004.*
- Deppert-Lippitz B. *A Late Antique Crossbow Fibula in The Metropolitan Museum of Art.*
- Димитриоска Г. 1979. *Mac. Acta Arch. 5, 1979.*
- Exner K. 1941. *Die provinzialrömischen Emailfibeln der Rheinlande* in *Bericht der Römisch-Germanischen Kommission*, 1941.
- Žižić. 1964-65. *Starinar NS 15-16, 1964-65.*
- Zotović M. 1991. *Istraživanja praistorijskih humki u dolini Poblaćnice i geneza ranog bronzanog doba u zapadnoj Srbiji.* Starinar NS 40-41, 1989-1990.
- Јанковић Ђ. 1975. *Покретни налази са утврђења и некрополе код Кладова, Старинар XIV – XV, Београд, 1975.*

- Јовановић А. 1925. *Крстообразне фибуле из античке збирке Народног музеја у Нишу, Зб. Нар. Муз. у Београду VIII, Београд, MCMXXV.*
- Јосифовска Б. 1956. *Два позноримска гроба из Драчева, ЖА VI 2, Скопје, 1956.*
- Јосифоска Б. 1960. *Римска гробница из Рокомије, ГЗФФ кн.12, Скопје. 1960.*
- Jones A. H. M. 1966. *The Decline of the Ancient World, Harlow, 1966.*
- Карпузова С. и Пецовска Н.П. 1993-1995. *Mac. Acta Arch. 14, 1993-1995.*
- Кепески К. 1975. *Mac. Acta Arch. I, 1975.*
- Keller E. 1976. *Die spätrömische Grabfunde in Südbayern. Münchner Beitrage zur Vor-ou. Frühgesch.14, München, 1976.*
- Китановски Б. 1966. *Фибули од V до III век од старата ера во Народниот Музеј во Прилеп. ЗАМ Скопје 4-5, 1961-66.*
- Китаноски Б. 1975. *Некрополата Калдрма кај Прилеп. Mac. Acta Arch. I, 1975.*
- Killian K. 1975. *Trachtzubehör der Eisenzeit zwischen Ägäis und Adria, Praeh. Zeitschr. 1975.*
- Кузман П. 1985. *Три Чељусти и Вртуљка - Требеништа 1972, 1985.*
- Лахтов. В. / Кастелиц. Ј. 1957. *Нови истражувања на некрополата Требениште 1953-54, Лихнид I, 1957.*
- Лахтов В. 1959. *Лихнид 2-3, 1959.*
- Манева Е. 1984. *За карактерот на времетраењето на источното, доцноантичко предградие од Хераклеја, Mac. Acta Arch. 9, 1983-84.*
- Маленко В. 1975. *Mac. Arch. Arch. 1, 1975.*

- Mikulčić I. 1962-63. *Ilirski arhajski grobovi iz okoline Štipa, Starinar NS XIII-XIV, 1962-63.*
- Mikulčić I. 1965. *Arh. Pregled 7, 1965.*
- Mikulčić I. 1966a. *Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seodbe do Avgusta, Beograd, 1966.*
- Микулчиќ И. 1966. *Пелагонија, Београд, 1966.*
- Mikulčić I. 1966b. *Jedna helenistička nekropola iz okoline Bitolja. Starinar NS 15-16, 1965-66. (1966).*
- Mikulčić I. / Jovanović M. 1968. *Helenistički oppidum iz Kruševice kod Vranja. Vranj. Gl. 4, 1968.*
- Микулчиќ И. 1970. *Старинар XXI, Београд, 1970, 139-144.*
- Mikulčić I. 1970. *Nakit klasicnog doba iz Demir Kapije, Starinar NS XXI, Beograd, 1970.*
- Микулчиќ И. 1974. *Доцноримски гробови од Скупи, ГЗФФ кн. 26, Скопје 1974.*
- Микулчиќ И. 1982. *Старо Скопје со околните тврдини, Скопје, 1982.*
- Микулчиќ И. 1982. *Хеленистичките тврдини во Демир Капија и Бабуна, ГЗФФ, кн.8, Скопје, 1982.*
- Микулчиќ И. / Соколовска В. 1989. *Mac. Acta Arch. 11. 1987-1989.*
- Микулчиќ Г. 2005. *Фибули со две игли од Марвинци, Mac Acta Arch. 16, 1997-1999.*
- Миковъ В. 1931. *Тракийски фибули, ИАИ VI, София, 1931.*
- Mitrevski D. 2011. *The treasure from Tremnik and traces of the Cents in the Vardar valey, The Eastern Celts, Koper-Beograd, 2011.*
- Николова Е. 1999-2001. *Mac Acta Arch. 17. 1999-2001.*

- Николова Е. 2001. *Луковичести фибули од Стоби, Mac. Acta Arch 1999-2001.*
- Noll R. 1974. *Eine goldene 'Kaiserfibel' aus Niederem-mel vom Jahre 316. Bonner Jahrbiicher 174, 1974.*
- Phillip H. 1981. *Bronzeschmuck aus Olympia. Olympische Forschungen 13, 1981.*
- Polzer J. 1973. *The Villa at Piazza Armerina and the Numismatic Evidence, American Journal of Archaeology 57, 1973.*
- Prendi F. / Budina D. 1972. *Iliria 2, 1972.*
- Parović – Pešikan M. 1992. *Jedna manje poznata grupa importovane grčke keramike kod nas. Zb. Nar. Muz. 14/I, 1992/Arheologija.*
- Popović Lj. 1956. *Katalog nalaza iz nekropole kod Trebeništa, Beograd, 1956.*
- Popović Lj. 1958. *Zbornik radova N. Muzeja I, Beograd 1958.*
- Popović Lj. 1994. *Antička grčka zbirka. Narodni muzej Beograda, 1994*
- Ристов К. 1996-1997. *Mac. Acta Arch. 15, 1996-1997.*
- Robinson D.M. 1941. *Excavations at Olynthus X. Metal and minor misecellaneous Finds. 1941.*
- Riha E. 1979. *Die römischen Fibeln aus Augst und Kaiseraugst, 1979.*
- Соколовска В. / Пашиќ Р. 1975. *Еден гроб од Жданец. ЗАМ кн.6-7, Скопје 1975.*
- Соколовска В. 1974. *Старинар НС 24/25, 1973/74.*
- Соколовска В. 1978. *Еден доцноантички гроб од село Старо Лагово-Прилепско , Mac.Acta Arch. 4, Скопје 1978.*
- Соколовска В. 1986. *Исар - Марвинци и Повардарието во античко време, Скопје, 1986.*

- Sindos 1985. *Sindos. Katalogos tes ektheses. Archaiologiko Museio Thessalonikes, 1985.*
- Shukriu E. 1988. *Arh. Pregled 29, 1988.*
- Truhelka Ć. 1901. *Gl. Zem. Muz. 19, 1901.*
- Hoernes M. 1901. *Funde verschiedener Altersstufen aus dem westlichen Syrmien. Mitt. Präh. Comm. I, 1901.*
- Hoernes M. 1901. *Srebreni pokladni nalazi iz Štrpca u Bosni, GZM XIII, 1901, 532, sl. 11 i 12, 533 sl. 13 i 15.*
- Ceka N. 1972. *Iliria 2, 1972.*
- Čereškov E., 1969. *Rimljani na Kosovu i Metohiji, Beograd, 1969.*
- Čereškov E., 1970. *Municipium DD, Priština – Beograd, 1970.*
- Čangova J. 1981. *Pernik I, 1981.*
- Young R. 1963. *Gordion: Problem of Western Phrygia, Materiaux de VIII Congres inter. d'Archeologie classique, Paris. 1963.*

# XI. Табели

**T. I**



1



2



3



4



5



6



7



8



9



10



11



12



13



14



15



16



17

**T. IV**



18



19



20



21



22



23



24



25



26



27



28



29



30

**T. VI**



31



32



33



34



35



36



37



38



39



40



41



42



43



44



45



46



47



48



49



50



51



52



53



54



55



56



57



58



59



60



61



62



63

**T.XI**



64



65



66



67



68



69

**T.XII**



70



71



72



73



74



75

**T. XIII**



76



77



78



79



80



81



82



83

**T. XIV**



84



85



86



87



88



89



90



91

## T. XV



92



93



94



95



96



97



98



99



100



101

## T. XVII



102



103



104



105



106



107



108



109



110

**T. XVIII**



111



112



113



114



115



116



117



118



119



120



121



122

**T. XIX**


123


124


125


126


127


128


129


130


131


132


133


134



135



136



137



138



139



140



141



142



143



144



145



146



147



148



149



150



151



152



153



154



155



156



157



158



159



160



161



162



163



164



165



166



167



168



169



170



171



172



173



174



175



176



177



178



179



180



181



182



183



184



185



186



187


188


189


190


191


192


193




1a 1 1b

194